


Предизвиците во животната средина во Македонија:
Чекори кон одржлив развој

Институт за комуникациски студии

Институт за комуникациски студии

Издавач:

Институт за комуникациски студии

ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје

www.iks.edu.mk

За издавачот:

д-р Жанета Трајкоска

Уредник:

м-р Кирил Арсовски Пржо

Авторки:

Маја Николиќ

Андријана Папиќ Манчева

Ива Петрунова

Катерина Илијоска

Лекторка:

Татјана Б. Ефтимоска

Графички дизајн:

Александар Николовски

Место и година:

Скопје, 2025

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

502.131.1(497.7)
316.774:[316.776.23:32(497.7)”2023/2024”(047.31)

ПРЕДИЗВИЦИТЕ во животната средина во Македонија [Електронски извор] : чекори кон одржлив развој / [авторки Маја Николиќ ... и др.]. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2025

Начин на пристапување (URL):
https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2025/12/predizvicite-vo-zivotnata-sredina-vo-makedonija.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 77 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 19.12.2025. - Фусноти кон текстот. - Други авторки: Андријана Папиќ Манчева, Ива Петрунова, Катерина Илијоска

ISBN 978-608-4805-70-0

1. Николиќ, Маја [автор] 2. Папиќ Манчева, Андријана [автор] 3. Петрунова, Ива [автор] 4. Илијоска, Катерина [автор]
а) Животна средина -- Одржлив развој -- Македонија

COBISS.MK-ID 67749637

Содржина

Главен уредник м-р Кирил Арсовски Пржо 6
Преглед на управувањето со заштитените подрачја во Република Македонија – предизвици и можности - Маја Николиќ 7
1. Вовед 7
2. Почетоци и развој на заштитените подрачја во Македонија 8
3. Проблеми со управувањето 10
а) Финансиски тешкотии 10
б) Корупција и нерегулирани активности 10
в) Недостаток на управувачки капацитети 12
г) Слабости во спроведувањето на законите 13
д) Еколошки закани 13
ѓ) Недостаток на транспарентност и јавна свест 14
4 Заштитените подрачја и локалното население 15
5. Препораки за заштита на природата и заштитените подрачја 16
Кратка биографија на авторот 17
Сагата за отпадот во Македонија: преглед на состојбата на терен и размисли за можните решенија - Андријана Папиќ Манчева 18
1. Вовед 18
2. Нула отпад и циркуларна економија – што значат? 18
3. На терен – статус кво 20
4. Депонирањето – најнепожелен, а и натаму најчест начин на управување со отпадот 21
1. Комунален отпад 22
2. Отпад од амбалажа (пакување) 23
3. Биоразградлив отпад 24
4. Комерцијален и индустриски отпад 26
5. Градежен отпад и шут 26
6. Опасен отпад 28
6.1. Батерии и акумулатори 29
6.2. Отпадна електрична и електронска опрема (ОЕЕО) 30
6.3. Отпадни масла 31
6.4. Отпадни возила 32
7. Текстилен отпад 33
5. Што прави државата? 34
6. До каде сме со еколошката свест? 35
7. Можно ли е да се справиме со отпадот ако постојано се затрупуваме? 37
Кратка биографија на авторот 38
Домувањето како клучен фактор во одржливиот развој на градот и во борбата со климатските промени во Македонија - Ива Петрунова 39
Вовед 39
1. Моментален контекст 40
2. Локален контекст 42

1. Здравје 50
Здраво општество во здрав град 50
Здрав дом за здрави граѓани 53
2. Безбедност 55
Дом, основна единица за безбеден град 55
Ризиците од несоодветно домување 58
Одржливо домување – домување отпорно против климатските промени 59
3. Одржливиот дом во република северна македонија, помеѓу легислативата и реалноста 61
Кратка биографија на авторот 65
Одржлив развој во време на постојана миграција во Македонија 66
1. Вовед и краток осврт на миграциите од руралните во урбаните средини во Македонија и во светот - Катерина Илијовска 66
2. Влијание на рурално-урбаните миграции на целите за одржлив развој 68
2.1 Цел за одржлив развој број 2 - Нула глад 69
2.2 Цел за одржлив развој број 3 - Здравје и благосостојба 70
2.3 Цел за одржлив развој број 11 - Одржливи градови и заедници 71
2.4 Цел за одржлив развој број 15 - Живот на копно 73
3. Преглед на закони и политики во прилог на ублажување на рурално-урбаните миграции 74
3.1 Закон за рамномерен регионален развој 74
3.2 Младите во руралните средини 75
4. Заклучоци и препораки 75
1. Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија и 76
2. Демографска ревитализација и социјален и културен развој 76

Предговор

Состојбата со животната средина во Република Македонија е длабоко амбивалентна. Од една страна, во државата има бројни, многу значајни, еколошки вредности и светски природни наследства, а од друга, со децении постои лошо управување со природата, злоупотреба на природните ресурси како и непостоење на стратегиски пристап за решавање на еколошките проблеми и предизвици.

Ова остава трајни и неповратни штети за идните генерации.

Сите нерешени еколошки проблеми оставаат сериозни последици врз здравјето на населението, биолошката разновидност како и врз долгорчноста на одржливиот развој. Поради историските, социо-економските и политичките состојби, во Македонија не се создаваат доволно услови да се разбере и примени концептот на одржлив развој како процес преку кој се задоволуваат потребите на заедниците денес, без да се влијае врз потребите на заедниците во иднина.

Македонија се наоѓа во еколошка „шах-мат“ позиција, каде секој потег може да доведе до сериозни еколошки или природни катастрофи. Истовремено, државата е соочена со два паралелни, меѓусебно поврзани проблеми: сериозни еколошки проблеми во животната средина, како и недоволна достапност и пристап до документи, информации и истражувања кои би можеле да помогнат при изнаоѓање на решенија.

Главната идеја на ова посебно издание е токму тоа – да се намали јазот помеѓу состојбата со животната средина и достапните информации во врска со неа. Со ова издание се обидуваме да посветиме внимание на четири важни теми за кои многу малку или воопшто не се дискутира, а она што се дискутира, најчесто е засновано врз погрешни информации, поради што изнаоѓањето на правилно решение и пристап е значително отежнато.

Суштината на најголемите проблеми со животната средина во Македонија, меѓу другото, лежи во енормното загадување, присутно во сите форми и облици. Според Европската агенција за животна средина (EEA), амбиенталниот воздух во урбаните средини е загаден до степен што предизвикува директна опасност по животот на граѓаните. Сите истражувања упатуваат кон плејада загадувачи кои директно и постојано го загадуваат воздухот со низок квалитет низ речиси целата територија на државата.

Проблемите со управување и загадување на водните ресурси дополнително создаваат притисок врз состојбата на животната средина. Речиси не постои воден екосистем кој не е директно или индиректно загаден, или под сериозно влијание од индустријата, но и од човечката и системската негрижа. Загадувањето и контаминацијата на површинските води сериозно го загрозува пристапот кон чиста вода за пиење и

наводнување, ги деградира и уништува природните водни екосистеми и ги загрозува, и онака, ранливите живеалишта, особено оние кои имаат значителна еколошка вредност во Македонија, како што се природните езера и најважните водотеци.

Врз целосната слика за состојбата на животната средина не помага ниту моменталниот статус кво на управувањето со отпад, кој, како процес, е политички Гордијев јазол што изгледа како исклучиво нерешлив.

Уништувањето на живеалиштата, загадувањето на почвата, воздухот и водата, како и непостоечкото управување со отпадот, го прават националниот еколошки проблем, мултидимензионален, политички „топол костен", за чиешто решавање секогаш се избегнува директна и јасна акција.

Оваа состојба станува особено проблематична кога ќе се спореди со огромното еколошко богатства на државата. Покрај сè, Македонија е сè уште дом на бројни ретки и загрозени видови, значајни екосистеми и живеалишта, како и европски првенец во разновидноста. Сето ова го прави влогот кон животната средина уште поголем.

Демографските трендови во последните декади водат до, сè поголема, урбанизација, проследена со масовна внатрешна миграција во Македонија, со што најголем дел од населението решава да го продолжат живот во урбаните средини, особено во административните граници на главниот град Скопје. Со тоа се создава нов проблем, од каде што состојбата во урбаните средини ќе биде директно одговорно за мнозинството жители на државата. За жал, Македонија и тука значително потфрла, не можејќи да создаде стратегиски социо-економски пристап кој би ги ублажил и адаптирал настанатите промени.

За жал, целокупните залагања за подобро управување, заштита и унапредување на животната средина, може да се опишат како ограничени. Од аспект на мерки за заштита на животната средина, Македонија може да се класифицира како „хартиен шампион", односно, иако има создадено, напишано, потпишано, усвоено, прогласено и одлучено многу за природата, сепак, сето тоа останува неспроведено и само на хартија. Државата низ годините каска во задоволување дури и на првичните цели и ветувања во сите донесени легислативи.

Со ова издание се надеваме дека ќе придонесеме кон заедничките научни и управувачки напори за градење нови општествени вредности кои ќе обезбедат стабилно и стратешко движење кон општествената трансформација во насока на целите за одржлив развој.

Главен уредник

м - р Кирил Арсовски Пржо

Преглед на управувањето со заштитените подрачја во Република Македонија – предизвици и можности

Маја Николиќ

1. Вовед

Светот денес се соочува со најголемите еколошки предизвици во историјата. Меѓу најголемите проблеми на глобално ниво се климатските промени и загубата на биодиверзитетот, кои имаат сериозни последици за природата и за човештвото. Климатските промени резултираат со нагло зголемување на температурите, пореметување на временските услови и зголемена зачестеност на екстремни временски настани, како што се поплави, суши и бури[1]. Сушите имаат негативен ефект врз производството на храна, како и врз здравјето на луѓето. Поплавите, пак, создаваат поволни услови за ширење болести, како и за смрт или оштетување на екосистемите и инфраструктурата. Овие фактори водат до зголемена смртност, намалена достапност на храна и намален капацитет на работниците, што директно влијае врз економијата на земјата[2]. Од друга страна, загубата на биодиверзитетот се однесува на брзото исчезнување на видови и деградација на екосистемите, што предизвикува сериозни нарушувања во природните циклуси и намалувања на квалитетот на животот[3].

Македонија, иако мала, е еднакво афектирана од овие глобални трендови. Тоа може да се забележи преку примерот од Струмичкото Поле кое снемува вода[4], тетовскиот грав, којшто полека изумира[5], или преку познатите македонски јаболка, кои се сè почесто оштетени од свирепите услови[6], преку македонските шуми кои се деградирани[7], додека балканскиот рис и египетските мршојадци и понатаму остануваат загрозени видови[8]. Состојбата на животната средина и природата е директно поврзана со справувањето со овие предизвици. На пример, лошото управување со заштитените подрачја, како што се пропустите со нелегална сеча – често резултира со уништување на шумски екосистеми[9]. Па така, заштитените подрачја и нивната улога и управување се од исклучителна важност во обидите за зачувувањето на природата.

Според Законот за заштита на природата[10], заштитените подрачја се територии што се наменети за заштита и зачувување на природните ресурси и биолошката разновидност, а преку тоа, и за продолжување на функциите на екосистемот и на сите културни вредности поврзани со него. Тие се сржта на напорите за заштита на природата и на изворите што ги содржи таа – како што се храна, чиста вода,

1 https://www.edengreen.com/blog-collection/environmental-problems

2 https://www.noaa.gov/education/resource-collections/climate/climate-change-impacts

3 https://oursharedseas.com/oss_downloads/living-planet-report-2020-bending-the-curve-of-biodiversity-loss/

4 https://doma.edu.mk/novinarski-storii/klimatski-migracii-strumichko-pole-ostana-zhedno/

5 https://doma.edu.mk/novinarski-storii/tetovskiot-grav-e-zhrtva-na-klimatskite-promeni-i-praznite-sela/

6 https://doma.edu.mk/novinarski-storii/klimatskite-promeni-ostavaat-rani-vrz-jabolkoto/

7 https://mes.org.mk/blog/ревитализација-на-шуми-во-северна-мак/

8 https://gradska.mk/zashtitata-na-biodiverzitetot-treba-da-bide-naczionalen-prioritet-velat-od-med-za-gradksa/

9 https://mes.org.mk/blog/ревитализација-на-шуми-во-северна-мак/

10 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/09/Zakon%20za%20zastita%20na%20Prirodata%20-%20Precisten%20tekst%20za%20neoficijalna%20upotreba.pdf

лекови. Дополнително, проценето е дека глобалната мрежа на заштитени подрачја складира околу 15 % од копнениот јаглерод, кој е еден од главните фактори што ги поттикнуваат климатските промени. Покрај еколошките придобивки, заштитените подрачја имаат и значајна економска и социјална вредност, затоа што обезбедуваат основни ресурси и услуги што се од витално значење за животната средина и за одржливиот развој на заедниците. Поради тоа, заштитата на овие подрачја е важна не само за природата, туку и за благосостојбата на луѓето што директно зависат од нив[11].

Иронично, најголема причина за уништувањето на овие екосистеми се самите антропогени влијанија[12], што, пак, доведува до човековата централна улога во нивната заштита. Токму поради тоа, на светско ниво постојат мноштво закони и конвенци[13] кои се ратификувани во нашите закони, како дел од потребните измени заради влез на земјата во Европската Унија[14].

Ова истражување претставува анализа на начинот и степенот на примена на овие закони во реалноста.

2. Почетоци и развој на заштитените подрачја во Македонија

Првите напори за одржливо управување и заштита на природните ресурси во Македонија биле започнати по Втората светска војна, односно во 1948 година, кога Пелистер се прогласува за прв национален парк. Поради потребата за воспоставување легална структура за негово управување, во 1945 е донесен Закон за заштита на спомениците на културата и природните реткости на ДФЈ[15]. По него, во 1948 година е донесен нов закон од страна на Народна Република Македонија. Законот што денес е на сила – Законот за заштита на природата, бил донесен во 2004 година и е изменет неколкупати во текот на годините. Со него се усогласени домашните регулативи со европските стандарди и е дефинирана правната рамка за заштита на биолошката и геолошката разновидност.

Исто така, преку Законот за заштита на природата се поставени и основните категоризации на заштитени подрачја, според класификацијата на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN). Според него, тие се поделени во следните категории:

Категорија I	Категорија II	Категорија III	Категорија IV	Категорија V	Категорија VI
I-а–строг природен резерват	национален парк	споменик на природата	парк на природата	заштитен предел	повеќенаменско подрачје
I-б–подрачје на дивина					

11 https://iucn.org/our-work/topic/effective-protected-areas#:~:text=Protected%20areas%20are%20at%20the,the%20impacts%20of%20natural%20disaster

12 https://iucn.org/sites/default/files/2023-05/climate-change-in-12-pictures_north-macedonia.pdf

13 https://environment.ec.europa.eu/international-cooperation/multilateral-environmental-agreements-meas_en

14 https://www.moepp.gov.mk/regulativa/ratifikuvani-konvencii/priroda

15 https://www.researchgate.net/profile/Milena-Secerov/publication/338804383_PRINCIPLE_OF_NEW_METHODS_IN_BILINGUAL_TEACHING_GEOGRAPHY_CASE_STUDY_-_SREMSKA_MITROVICA_HIGH_SCHOOL/links/5e2b308092851c3aadd7bbb5/PRINCIPLE-OF-NEW-METHODS-IN-BILINGUAL-TEACHING-GEOGRAPHY-CASE-STUDY-SREMSKA-MITROVICA-HIGH-SCHOOL.pdf#page=147

Новата класификација според IUCN, според обврската во согласност со Законот за заштита на природата од 2004 година, треба да се изврши во рок од 6 години. Оттаму, се јавува потреба од рекласификација на веќе заштитените подрачја, покрај веќе постоечката потреба од прогласување нови заштитени подрачја. Сепак, добиениот резултат од оваа преквалификација е дека бројот на заштитени подрачја во Република Македонија стагнира. Па така, моменталниот број заштитени подрачја изнесува 86.13.

Оваа стагнација е видлива преку постапката за ревалоризација на Националниот парк Маврово, којашто е започната во 2012 година и сè уште не е завршена[16].

Прогласувањето нов национален парк, како што е примерот со Јабланица, е уште еден доказ за стагнирањето во поглед на проширувањето на заштитените подрачја на поднебјето на државата. Јабланица, налик на НП Маврово, веќе 20 години чека да биде прогласена за национален парк и покрај големата поддршка од локалното население – ваквата одлука сè уште не е донесена[17].

Дополнителен пример е и Законот за прогласување на кањонот Матка за заштитено подрачје – споменик на природата. Тој, веќе повеќе од една година, чека да дојде на дневен ред во Собранието, откако предлог-законот е конечно усвоен од Владата – по десетина години работа врз документацијата. И покрај тоа што е едно од највредните природни богатства во земјата, тоа не добива приоритет за конечно официјализирање на постапката[18].

Покрај споменатата квалификација според IUCN-стандардите, со законот8 се предвидува и детална постапка за прогласување на заштитеното подрачје, почнувајќи од предлог за прогласување одредено подрачје за заштитено, потоа спроведување студија за валоризација, како и јавна расправа и, на крај, согласност од Владата на Република Македонија. Во однос на управувањето со заштитените подрачја, се предвидува изготвување план за управување, како и избор на управител на заштитеното подрачје – кој, во најголем број случаи, е општината. Сите понатамошни активности за заштита и развој на заштитеното подрачје се одговорност токму на управувачот, а се дефинираат во планот за управување.

Општините Ресен и Вевчани се добри примери за спроведување на овој закон. Тие не само што имаат добри познавања од потребите и придобивките, туку веќе имаат изработени планови за управување. Освен тоа, тие активно преземаат активности за јакнење на нивните капацитети во соработка со научни институции, невладини организации и странски донатори[19].

16 https://www.vecer.press/nezavrsenata-revalorizacija-na-np-mavrovo/

17 https://trn.mk/darko-%D1%9Citanoski-eko-svest-vevchani-kra%D1%98no-vreme-e-%D1%98ablanicza-da-%D1%98a-proglasime-zanaczionalen-park/

18 https://www.radiomof.mk/matka-20-godini-cheka-zashtita-zakonot-e-gotov-no-zaglavi-vo-sobranieto/

19 https://ekosvest.com.mk/wp-content/uploads/2024/10/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%BA%D0%B0-2023-%D0%9C%D0%9A%D0%94.pdf

3. Проблеми со управувањето

Управувањето со заштитените подрачја претставува клучен елемент во напорите за зачувување на биолошката разновидност, во одржливото користење на природните ресурси и обезбедувањето еколошка рамнотежа. Овие подрачја играат витална улога во заштитата на екосистемите, регулирањето на климатата, заштитата на водните ресурси, како и во поддршката на локалните заедници преку екотуризам и традиционални практики. Затоа, постои постојана потреба од ефикасни модели на управување кои ќе обезбедат долгорочна заштита, соодветно финансирање, вклученост на засегнатите страни и примена на современи еколошки и правни стандарди.

Сепак, и покрај неколкуте добри примери за правилно управување на заштитените подрачја, постојат и голем број проблеми во управувањето. Со тоа, директно е афектирано нивното функционирање, одржливоста, состојбата на природните ресурси, како и самите локални населенија. Истражувањето покажа дека најголемиот број предизвици можат да се дефинираат во неколку главни категории: корупција, финансиски тешкотии, недостаток на управувачки капацитети, слабости во спроведувањето на законите, еколошки закани и недостаток на транспарентност и јавна свест.

а) Финансиски тешкотии

Еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат заштитените подрачја е недостатокот на финансиски средства. Националните паркови се јасен пример за ова, бидејќи иако според Законот за заштита на природата, во член 141-а, се предвидува државна поддршка за нив, тие никогаш не ја добиле. Во меѓувреме, парковите развиваат свои начини на финансирање[20].

Покрај националните паркови, Спомениkот на природата Маркови Кули, којшто има (веќе застарен и необновен) План за управување за периодот 2019–2023 година, во поглед на финансирањето го објавува следното: Во моментот не се обезбедени финансиски средства за управување со спомениkот на природата Маркови Кули, бидејќи сè уште не се остваруваат приходи, согласно можностите што ги дава Законот за заштита на природата[21]. Тој е прогласен за споменик на природата во 2006 година[22].

б) Корупција и нерегулирани активности

Предизвици за управувањето на заштитените подрачја кои резултираат со уништување на природните живеалишта и со деградација на животната средина можат да се видат и преку бројни примери на корупција и нерегуларни активности. Таков пример е Студенчишко Блато, кое е Парк на природата[23] заштитен со закон и во кое јасно се изразени антропогените влијанија и нивните негативни последици. Одлагањето градежен шут, формирањето диви депонии, антропогената употреба на блатните

20 https://meta.mk/drzhavata-ne-dava-pari-za-zashtitenite-podrachja-shto-samata-gi-proglasuva/

21 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/MARKOVI-KULI-PLAN-%D0%B7%D0%B0-%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0-1.pdf

22 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/09/Zakon%20za%20proglasuvanje%20na%20lokalitetot%20%E2%80%9CMarkovi%20kuli%E2%80%9D%20za%20spomenik%20na%20prirodata%2010.04.2006.pdf

23 https://trn.mk/sobranieto-go-potvrdi-zashtiteniot-status-na-ohridskoto-ezero-i-ka%D1%9Aonot-matka/

површини со цел обработка, градењето објекти, како и палењето и уништувањето на блатната вегетација се реални закани со кои се соочува блатото. Покрај тоа, прекината е комуникацијата помеѓу водите од блатото и езерото[24].

Од друга страна, пак, локалитетот Алшар[25] – кој, според законот, е заштитено подрачје, а впрочем е и единствен во светот со поголеми количества од минералите лорандит и талиум – во 2012 година е повлечен од заштита и даден под концесија – како рудник. Неговата вредност според количеството руда во рудникот била проценувана на околу 1,5 милијарда евра.[26] Притоа, познато е дека талиумот[27] е исклучително токсичен и опасен за живиот свет и за човековото здравје. При рударска експлоатација, постои висок ризик од ослободување на талиум во водата, почвата и воздухот. Затоа, отворањето рудник на ваков локалитет претставува сериозна еколошка закана и загрозува еден уникатен природен и научен ресурс.

Исто така, во 2022 година, од страна на Владата бил доставен предлог-закон за регулирање на статусот на бесправно изградените објекти со кој се предвидува легализација на дивоградби од заштитените подрачја – изградени заклучно со 1 јануари 2021 година. Тоа значи дека на дивите куќи и викендички на Попова Шапка и Мавровo коишто се наоѓаат во зоните на строга заштита ќе им биде оставен простор за легализација. Според членот 4 во законот, тоа не треба да биде дозволиво[28].

Илегалната сеча претставува уште еден сериозен и долгорочен проблем што значително го загрозува шумскиот екосистем во заштитените подрачја. Со прогласувањето на Националниот парк Шар Планина се зголеми процентот на државните шуми кои се под заштита во рамките на националните паркови. Дополнително, со воспоставувањето на заштитените подрачја Осогово и Малешево, вкупната површина на шуми под заштита значително се зголеми, што претставува важен чекор кон зачувување на биодиверзитетот и природните ресурси.

Сепак, и покрај зголемената законска заштита, нелегалната сеча и натаму претставува голем проблем. Според проценките на некои експерти, околу 25-30 % од вкупната количина дрва што се сечат годишно во државата се резултат на незаконски активности.

Во периодот од 2008 до 2017 година, вкупната количина на нелегално исечено дрво изнесувала 196.206 м³. Според Извештајот за состојбата на животната средина, објавен од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), во периодот од 2010 до 2019 година, штетите на шумите предизвикани од нелегалната сеча се зголемиле за 3,9 пати. Ова е јасен показател за континуираното уништување на шумите и за несоодветното управување со заштитените подрачја.

Покрај нелегалната сеча, постои и уште еден клучен проблем — легалната сеча во заштитените подрачја, која е, парадоксално, еден од главните извори на приходи за националните паркови. Имено, националните паркови и заштитените подрачја подлежат на законска регулатива според Законот за заштита на

24 https://doma.edu.mk/foto-prikazna/studenchishko-blato-kontinuirano-unishtuvanje-na-retko-prirodno-nasledstvo/

25 https://bankwatch.org/wp-content/uploads/2018/11/kolku_cini_zivotot.pdf

26 https://www.facebook.com/nova.makedonija/posts/380490201978766/

27 https://www.facebook.com/share/1ZnYpnL56x/?mibextid=wwXIfr

28 https://doma.edu.mk/novinarski-storii/vladata-saka-da-go-legalizira-kriminalot-vo-zashtitenite-podrachja/

природата, каде што надлежност има МЖСПП. Главниот извор на приход за управување со овие подрачја доаѓа од надоместоците за искористување на природните ресурси, вклучувајќи ја и сечата на дрва. Ова создава очигледен конфликт на интереси – додека законската заштита има за цел зачувување на природата, приходите од сеча директно го поткопуваат овој процес.

Во последните години, средствата за покривање на трошоците за функционирање на националните паркови сè повеќе доаѓаат од разни донатори. Како резултат на тоа, фокусот на идното делување е насочен кон развој на туристичките дејности како алтернативен извор на приходи. Ова упатува на потребата од трансформација на системот на финансирање — наместо зависност од сечата, иднината на заштитените подрачја треба да биде базирана врз одржлив екотуризам, едукација и развој на алтернативни економски модели кои ќе го зачуваат природното богатство на долг рок.[29] Ваков пример е делувањето на НП Галичица.

Освен тоа, заштитените подрачја се основна заштита на биодиверзитетот, бидејќи тие претставуваат безбедни острови за него – токму поради поголемото ниво на заштита. Но, за жал, голем број диви животни се предмет на шверцување, нелегална трговија и криволов[30].

в) Недостаток на управувачки капацитети

Како еден од главните предизвици во управувањето со заштитените подрачја се наведува недостатокот на управувачки капацитети. Според Извештајот во сенка од 2023 година[31], општините кои се задолжени за управување со заштитените подрачја или на чие подрачје тие се наоѓаат се соочуваат со недостиг од административни и технички ресурси. Тука се вклучува и недостатокот на планови за управување (кои се задолжителни според Законот за заштита на природата), како и проблеми со отпадот и отпадните води. Сепак, свеста за потенцијалните бенефиции што заштитените подрачја можат да ги донесат, генерално, е задоволителна. Дополнително, недостасува стручен кадар кој би бил во можност да изработи и да спроведе такви планови. Пример за тоа е Општина Македонски Брод, која управувањето со СП Слатински Извори го пренела на Истражувачкото друштво „Урсус Спелеос“, но и тие се соочуваат со ограничени капацитети за ефективно управување, вклучувајќи и изработка на план за управување.

Слична ситуација постои и со управувањето на СП Куклица – Кратово, каде што не е јасно како е поделена управувачката одговорност помеѓу НВО „Извор“ – Кратово и Музејот од Кратово, но и во двата случаи недостасуваат доволни капацитети за правилно менаџирање.

29 https://refordcentre.org/wp-content/uploads/2023/03/%D0%9F%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%87%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%91%D0%BE%D1%80%D0%B1%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%BD%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%B3%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D1%88%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1-%82%D0%B5.pdf

30 https://gradska.mk/zashtitata-na-biodiverzitetot-treba-da-bide-naczionalen-prioritet-velat-od-med-za-gradksa/

31 https://infokompas.com.mk/%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D1%80%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BA%D1%83%D0%BB%D0%B8-%D0%B4%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D0%B2%D0%B0-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0/

Покрај ова, задолжените управувачи на заштитените подрачја честопати и немаат увид во состојбите. Според Бранислав Ристески, директор на Институтот за старословенска култура од Прилеп – кој е одговорен за заштитеното подрачје Маркови Кули, тие немаат реален увид на околу 90 % од заштитеното подрачје, а притоа се првиот пункт за заштита и промоција на подрачјето[32].

г) Слабости во спроведувањето на законите

Покрај примарните предизвици во спроведување на законите, како недостиг од планови за управување кои најчесто произлегуваат од недостиг на капацитет – управувањето на заштитените подрачја е подложно и на мноштво други слабости.

На пример, и покрај тоа што во Законот за заштита на Куклица се бара номинирање на чуварска служба со цел заштита на локалитетот – во пракса тоа е неостварено[33].

Од друга страна, кањонот на Градешка Река, кој поради својата геолошка и биолошка разноликост и автентична природа, во 1996 година бил прогласен за Споменик на природата од страна на Советот на Општина Битола – сè уште ја нема добиено потребната ревалоризација и соодветен статус на заштитено подрачје – и покрај обврската според Законот за природа. За разлика од неа, клисурата Демир Капија веќе 6 децении има статус на заштитено подрачје, но ниту еднаш не е направен план за управување, ниту пак е определен управувач[34].

Понатаму, еден од најголемите проблеми со кои директно се косат националните и европските закони – е изградбата на мали хидроелектрани во повеќето заштитени подрачја. На тој начин директно се стават во опасност цели екосистеми, кои се со особена еколошка и биолошка вредност. Само еден од таквите примери е 14.5.2019, кога е донесена одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија за доделување концесии за изградба на мали хидроцентрали во голем број од ваквите подрачја[35].

д) Еколошки закани

Сите овие влијанија неминовно водат до еколошки катастрофи. Последиците ги има многу:

Јасен пример за еколошките последици од човечките дејствија може да се види преку локалитетот Езерани, кој во 1996 година е прогласен за природен резерват поради големиот број гнездилки и миграторни птици. Денес, поради човечкото влијание и опаѓањето на нивото на водата во Преспанското Езеро, некои видови птици се среќаваат многу поретко, а други веќе долго време не се забележани. Како резултат на ова и другите антропогени влијанија, подрачјето ги изгубило карактеристиките на строг природен резерват, па така, со закон било повторно прогласено за Парк на природата[36].

Студенчишко Блато е уште еден јасен пример за постојаното уништување на ретките

32 https://infokompas.com.mk/%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D1%80%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BA%D1%83%D0%BB%D0%B8-%D0%B4%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D0%B2%D0%B0-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0/

33 https://doma.edu.mk/novinarski-storii/kuklica-zosto-treba-da-vnimavame-so-geoloskoto-nasledstvo/

34 https://lider.mk/klisurata-demir-kapija-shest-decenii-e-spomenik-na-prirodata-no-nema-nikakva-zashtita/

35 https://ekosvest.com.mk/?p=410

36 https://doma.edu.mk/foto-prikazna/park-na-prirodata-ezerani-nash-i-svetski/

природни богатства. Во минатото, тоа било нераскинливо поврзано со Охридското Езеро преку бројни канали, при што секоја промена на водостојот во езерото директно влијаела врз нивото на водата во блатото. Оваа природна врска создавала поволни услови за динамична размена на живот помеѓу двата екосистеми, што, меѓу другото, овозможувало мрестење на повеќе видови риби од езерото во блатото. За жал, оваа природна рамнотежа е нарушена со изградбата на шеталиштето од Билјанини Извори кон Горица, што има негативен ефект врз водниот режим и целокупниот екосистем на блатото[37].

ѓ) Недостаток на транспарентност и јавна свест

Вклучувањето на јавноста во процесот на донесување одлуки поврзани со животната средина има клучна улога во обезбедувањето на нејзината ефикасна заштита. Ваквиот пристап не само што обезбедува транспарентност и отчетност на процесите, туку овозможува и добивање нови идеи и можни решенија, земајќи ги предвид различните перспективи на засегнатите страни. Не само што јавната вклученост е важна, туку претставува и загарантирано право според Архуската конвенција[38], која обезбедува пристап до информации, учество на јавноста и пристап до правда во еколошките прашања. Сепак, спроведувањето на овие одредби во Македонија е на ниско ниво.

Конкретен пример за непочитување на обврските за транспарентност е стратешката иницијатива и специјалниот закон за изградба на коридорите 8 и 10д. Започната е експропријација на имотите низ кои ќе минуваат трасите, вклучително и низ заштитеното подрачје во Охрид[39], без претходно спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС). Со тоа, на јавноста ѝ е ускратена можноста да даде мислење и да биде вклучена во процесот, што претставува јасно кршење на принципите на транспарентност и јавна отчетност[40].

Но, како уште поголем проблем се јавува несвесноста на јавноста за важноста и вредноста која ја поседува самата држава. Со цел да се определи нивото на познавање на геолокалитетите во Македонија, вклучувајќи ги и заштитените подрачја, во 2022 година направено е истражување[41], каде што е употребен анкетен лист на одредени целни групи на испитаници. Добиените резултати укажуваат дека младите на возраст од 18 до 29 години имаат некое основно познавање за фактичката состојба на заштитените подрачја и геолокалитети. И покрај тоа, се покажува дека, сепак, голем е бројот на млади кои имаат минимално или немаат никакво познавање за овие подрачја, а само 16.6 % од нив одговориле точно, односно дека бројот на заштитени подрачја во државата е 86.

Ваквите добиени резултати можат да се потврдат и преку примерот на локалитетот Чам Чифлик. Тој, и покрај тоа што се наоѓа во категоријата на заштитени подрачја Парк на природата, сè уште нема едукативни табли, ниту пак ознаки на локалниот пат коишто укажуваат на правецот и точната локација на заштитеното подрачје[42].

37 https://doma.edu.mk/foto-prikazna/studenchishko-blato-kontinuirano-unishtuvanje-na-retko-prirodno-nasledstvo/

38 https://unece.org/DAM/env/pp/documents/cep43mac.pdf

39 https://plusinfo.mk/kulturnoto-nasledstvo-zashtiteno-od-bagerite-na-behtel-i-enka-zasega-pod-pritisok-na-avnosta-povlechen-sporniot-predlog-za-zakonski-izmeni/

40 https://ekosvest.com.mk/?p=230509

41 https://www.researchgate.net/publication/361984467_A_QUESTIONNAIRE-BASED_STUDY_OF_THE_KNOWLEDGE_OF_GEODIVERSITY_AND_GEOSITES_IN_NORTH_MACEDONIA_AS_WELL_AS_THE_CONDITION_OF_PROTECTED_AREAS

42 https://doma.edu.mk/foto-prikazna/park-na-prirodata-cham-chiflik-nepoznatata-makedonska-suma-nad-strumica/

4 Заштитените подрачја и локалното население

Заштитата на природните подрачја е тесно поврзана со локалните заедници кои ги населуваат. Покрај директната заштита на природата, прогласувањето на подрачјата како заштитени носи придобивки и за самата заедница. Една од главните придобивки е зголемувањето на екотуризмот, што води до пораст на финансиските приходи во регионот, како што е примерот со геолокалитетот Искар-Пенега во Бугарија[43], кој забележал пораст од 40 % во сместувачките капацитети. Покрај тоа, управувањето на заштитените подрачја бара ефикасен менаџмент, што доведува до отворање нови работни места. Во социо-економската студија за предлогот за заштитено подрачје – национален парк Шар Планина, истакната е потребата од наоѓање финансиски средства за 30 работни места[44].

Дополнително, во рамките на заштитените подрачја се спроведуваат активности за промоција и создавање можности за истражувачки дејности, кои не само што отвораат нови можности за работа, туку и ја зголемуваат свесноста за природните вредности меѓу населението што живее во овие региони, како и за поширокатa јавност. Пример за ова е проектот „Поддршка на одржливо управување со спомениkот на природа Вевчански Извори“, спроведуван од Еко-свест во Вевчани, а финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust – PONT, за којшто зборува Дарко Ќитаноски15. Овој проект се фокусира врз подобрување на заштитата на Спомениkот на природата Вевчански извори преку промоција на едукативни активности и истражувачки иницијативи, како што се публикациите за Спомениkот на природата Вевчански Извори, кои имаат за цел да ја зголемат свесноста за природата и да го поттикнат активното учество на младите во заштитата на природните богатства.

Истото важи и за природните богатства во нашите региони, како што е моликата – балкански ендемит, кој е евидентиран како растителен вид во Националниот парк Пелистер уште во 1839 година[45]. Моликата денес е изложена на закана поради густата папрат во појасот на најстарата моликова шума. Сепак, Националниот парк Пелистер, којшто има план да бара поддршка и од експерти и институции, активно работи врз соочување со овој проблем и преземање мерки за заштита на овој уникатен вид[46].

На глобално ниво, според студијата на IUCN за тоа како заштитените подрачја влијаат врз постигнувањето на Целите за одржлив развој на Обединетите нации[47], овие подрачја имаат значително влијание врз локалните заедници, особено во однос на здравјето и благосостојбата. Пример за тоа е Целта 6.3, која се фокусира врз подобрување на квалитетот на водата, каде што заштитените подрачја, како што се природните шуми, со добро управување, обезбедуваат висококвалитетна вода, што директно влијае врз здравјето на населението. Исто така, Целта 16.7, која се однесува на инклузивноста во донесувањето одлуки, создава можности

43 https://web.archive.org/web/20080807142007/http://www.geopark-bg.com/e_index.html

44 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/07/FL-SES-za-Shar-Planina_11.09.2020.pdf

45 https://doma.edu.mk/ekoucilnica/molika/


46 https://mia.mk/story/%D1%98%D1%83-%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%BA-%D0%BF%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%80-%D1%81%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%B8-%D0%BC%D0%B5%D1%80%D0%BA%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0

47 https://www.undp.org/north-macedonia/sustainable-development-goals

за вклучување на локалните заедници во процесите на управување со заштитени подрачја, што ја засилува нивната свесност за природните ресурси и нивното здравје. Преку политики за одржлив развој (Цел 17.14), како што е заштитата на природните богатства, се отвораат можности за вклучување на локалните заедници во управувањето со ресурсите, а тоа директно го подобрува нивниот животен стандард и здравје. Со користење партнерства (Цел 17.6 и 17.17), како што се јавните и приватните партнерства, се обезбедуваат ресурси за развој на локални иницијативи и подобрување на инфраструктурата во заштитените подрачја, што ги поддржува напорите за унапредување на квалитетот на живот на локалното население[48].

5. Препораки за заштита на природата и заштитените подрачја

Според ова истражување, добиени се резултати кои откриваат бројни проблеми во управувањето со заштитените подрачја. Нивното постапно решавање претставува клучна цел за ефективна заштита на природните вредности во Македонија, кои се важни не само за биолошката разновидност, туку и за одржливото управување со природните ресурси, за туристичкиот развој и за благосостојбата на локалните заедници. Заштитените подрачја имаат значајна улога во зачувувањето на екосистемите и соодветните законски и институционални рамки треба да се имплементираат со цел нивно подобро управување и заштита.



Мапа на заштитени подрачја во Македонија - извор: Министерство за животна средина и просторно планирање (2021)

Во контекст на заштита на природата во Македонија, преку изработениот Предлог-патоказ за заштита на природата (2022) од страна на Еко-свест, утврдени се следниве препораки:

Преку Патоказот утврдивме три приоритетни области за заштита на природата, и тоа усогласување на законската рамка од различни сектори, хармонизирање со ЕУ-законодавството и меѓународните договори, примена на меѓународните конвенции,

48 https://iucn.org/sites/default/files/2022-09/6.-natural_solutions_-_sdgs_final_2.pdf

зајакнување на административната и институционалната рамка и капацитети, како и воспоставување систем за одржливо финансирање на заштитата на животната средина. Особено е важно да се формира самостојно, стручно и научно тело, кое ќе биде надлежно за следење, истражување, анализа и унапредување на заштитата на природата и управувањето со природните ресурси како што е Агенција или Завод за заштита на природата по примерот на сите земји во Европа. Но, за да се оствари сето ова, потребно е да се воспостави систем за одржливо финансирање на заштитата на природата и зголемување на изворите на финансиски средства и да се воспостави Фонд за животна средина[49].

Меѓутоа, според извештајот во сенка од 2023 година, според препораките кои се фокусираат директно на заштитените подрачја, се препорачуваат специфични насоки за подобрување на заштитата на овие подрачја. Особено се истакнува потребата од забрзување на процесите на ревалоризација и репрогласување на заштитените подрачја, како и донесување планови за управување за сите подрачја кои имаат назначен субјект за управување. Ова вклучува и унапредување на процесот на изработка на планови за управување за подрачјата кои се во тек, како што се Националниот парк Маврово, Споменик на природата Смоларски Водопади и други.

Сумирајќи ги наодите и препораките, јасно е дека ефикасната заштита и управување со заштитените подрачја во Македонија бара системски пристап кој вклучува институционални реформи, унапредување на законската рамка и обезбедување одржливо финансирање. Само преку координирани напори на државните институции, граѓанскиот сектор и меѓународните партнери, можно е да се обезбеди долгорочна заштита на природните вредности и унапредување на животната средина. Спроведувањето на предложените мерки не само што ќе придонесе кон зачувување на биодиверзитетот, туку и ќе го зајакне социоекономскиот развој и квалитетот на животот на локалните заедници.

Кратка биографија на авторот

Маја Николиќ е посветена екоактивистка, со силна основа во обновливите извори на енергија и во управувањето со проекти. Со искуство во климатски истражувања, младинска едукација и работа во невладини организации, координира иницијативи што носат одржливи промени. Нејзината работа во еколошко управување, застапување и зачувување на природата е дополнета со способност за навигирање низ комплексни владини и организациски структури. Како посветен лидер и доживотен ученик, активно придонесува во климатската дипломатија, образованието и активизмот, оставајќи значајно влијание во заедницата и пошироко.

49 https://ekosvest.com.mk/?p=228786

Сагата за отпадот во Македонија: преглед на состојбата на терен и размисли за можните

Андријана Папиќ Манчева

1. Вовед

Управувањето со отпадот е еден од најголемите предизвици на модерното живеење. Со оглед на искучително штетното и долготрајно влијание што отпадот го има врз животната средина и сиот жив свет, несомнено е дека би требало да биде прв меѓу приоритетите на државата. За среќа, управувањето со отпадот е меѓу условите што Република Северна Македонија треба да ги исполни за да стане дел од Европската Унија. Ова, во пракса, како за почеток, подразбира усогласување на македонските закони, правила и постапки со европското законодавство во областа на отпадот. Понатаму, бара воспоставување на основната инфраструктура за собирање, селектирање, третман и преработка, како и отстранување на отпадот и зајакнување на обврските на сите чинители во управувањето со отпадот. Но, со оглед на тоа што отпадот е симптом на неодржливоста на модерното живеење – а не коренот на проблемот! – заложбите во управувањето со отпадот ќе бараат и намалување на количините на отпад што се продуцираат, што на долг рок несомнено значително би придонесло за заштита на природата и за благосостојба.

Во пакетот законски решенија што за таа цел ги носи и ги ревидира надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање, од 2022 година е и шестгодишниот План за спречување на создавањето отпад[1]. Истакнувајќи ја декларативната заложба за управување со отпадот на сеопфатен начин, во овој закон министерот Нуредини посочува дека решенијата за проблемот со отпадот мора да се темелат врз концептите на „нула отпад“ и „циркуларна економија“.

2. Нула отпад и циркуларна економија – што значат?

Конципирани најпрво во контекст на индустриското производство, овие поими подразбираат користење практики преку кои ресурсите се користат што е можно подолго за на крајот од нивниот животен век да може да се преработат и да се обноват, со што се избегнува создавањето ѓубре. Доколку се земат како начела во светот на производството, овие концепти несомнено ќе го поттикнат регенеративниот дизајн, којшто претставува „сеопфатна економска, индустриска и општествена рамка на дизајнирање системи кои се ефикасни и не создаваат отпад; се заснова на процесите во природата и не е штетен за средината.“[2] Оттука, овие концепти се применливи не само во индустрискиот дизајн и во производството, туку и кај многу други аспекти на човековата цивилизација, како што се урбаните средини, зградите, економијата и општествените системи.

1 План за спречување на создавањето отпад (2022 – 2028). Линк: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf

2 Беа Џонсон, „Дом со нула отпад“ издадена во превод на македонски јазик од „ВиГ Зеница“ (2018 год.)



Визуелен приказ на концептот на циркуларна економија
(Извор: Министерство за животна средина и просторно планирање)

Кога „нула отпад“ и „циркуларната економија“ би биле основните параметри според кои нешто се прави, тогаш би било лесно изводливо да живееме со помалку отпад и ѓубре. Притоа, важно е да се напомне дека, спротивно на пораширеното уверување, што меѓу другото оправдано се должи и на маркетиншките стратегии, овие концепти не подразбираат екстензивно рециклирање. Напротив, тие ги преиспитуваат неизвесните ефекти и чинењето на процесите на рециклирањето, коешто, во суштина, претставува само поинаков начин на справување со отпадот и се сфаќа како последен чекор пред фрлањето на отпадот на депонија.


Првиот чекор во справувањето со отпадот е токму неговото спречување, што е и логично, бидејќи и самите од мали нозе знаеме дека „подобро е да се спречи отколку да се лечи“. Дека е нужно ваквото размислување да се вгради во натамошните секторски планирања, политики и практики на сите нивоа покажуваат податоците од Државниот завод за статистика, кои иако нецелосни, се доволно алармантни, а згора на тоа, од година во година се зголемуваат заедно со чинењето на потрошувачката кошничка што, се разбира, не е случајно.

Конечно, несоодветното управување со отпадот директно ни ја загадува водата, привлекува инсекти и глодари, го зголемува ризикот од поплави поради затнатите одводни канали и придонесува кон загадувањето на воздухот од кое во земјава годишно умираат по 5 000 луѓе. Според Светската банка, овој проблем има исклучително сериозно влијание врз здравјето, локалната и глобалната животна средина и врз економијата – па, на долг рок гледано, дополнителните трошоци што произлегуваат од последиците поврзани со несоодветното управување со отпадот се многу поголеми отколку чинењето да се воспостави функционален систем за правилно управување со отпадот[3].

3 Daniel TOMIC, Biserka DIMISHKOVSKA. Public Participation In Solid Waste Management in N. Macedonia, објавен во Quaestus Open Access Journal, 2021 год. Линк: https://www.quaestus.ro/wp-content/uploads/2012/03/Daniel-tomic.pdf

3. На терен – статус кво

Генерално гледано, актуелните законски решенија упатуваат дека управувањето со отпадот може да биде возможна мисија и кај нас. Постојат национални политики[4] за управување со отпад коишто се втемелени со Законот за животната средина, со националните еколошки акциски планови и со Законот за управување со отпад. Оваа област е уредена и со законите за управување со пакување и отпад од пакување (ЗУПОП) и за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, како и со Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (ЗУБАОБА). Покрај ова, надлежното Министерство неодамна подготви Национална стратегија за управување со отпад (2024 – 2036), чија имплементација во текот на следните 12 години треба да обезбеди интегриран и економичен систем за управување со отпад усогласен со националното и со европското законодавство.



Хиерархија во справувањето со отпадот
(© преземено од https://wasteedu.eu/mk/)

Управувањето со отпадот е нотирано како приоритетен проблем во Извештајот на Европската комисија за напредокот на земјата, заедно со подобрувањето на квалитетот на амбиенталниот воздух, третманот на урбаните отпадни води и борбата со климатските промени (декарбонизацијата). Според Извештајот за 2024 година[5], во однос на Поглавјето 27: Животна средина и климатски промени, Северна Македонија има одредено ниво на подготвеност во оваа област, што најмногу се должи на донесувањето на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со отпад[6] и на Законот за дополнителни текови на отпад[7] во системот на проширена одговорност на производителите.

4 План за управување со отпад на Република Северна Македонија (2021 – 2031), линк: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/План-за-Управување-со-отпад-на-РСМ-2021-до-2031-година.pdf

5 Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2024 година. Линк: https://www.mep.gov.mk/data/North%20Macedonia%20report_MK2.pdf

6 Законот за проширена одговорност на производителот за управување со отпад, стапен во сила на 24.09.2021, па изменет во април 2024 год. Линк: https://dejure.mk/zakon/zakon-za-proshirena-odgovornost-na-proizvoditelot-za-upravuvanje-so-posebnite-tekovi-na-otpad

7 Закон за управување со дополнителни текови на итпад, стапен во сила на 25.09.2021 год. Линк: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/SLUBEN-VESNIK-NA-RSM-br.-216-zakon-za-posebni-tekovi-otpad.pdf

Сепак, на терен нештата изгледаат сосема поинаку. Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2023 година Македонија генерира вкупно 878 303 тони комунален отпад, што претставува зголемување од 7,7 % во споредба со 2022 година[8]. Односно, по 503 килограми отпад по жител годишно, што не е сосема најпрецизна пресметка со оглед на тоа што најголеми количества отпад фрлаат скопските домаќинства. Оттука, решенијата за спречување на создавањето отпад – не само како дел од справувањето со отпадот, туку и од планирањето на одржливиот развој – треба да ги земат предвид и концентрацијата на населението и потрошувачката моќ во урбаните средини.

Компостирањето на биоразградливиот отпад не се практикува. Постепено расте свеста за важноста од селектирање на отпадот, но стапката на рециклирање на наша територија е исклучително ниска бидејќи најголемиот дел од собраниот селектиран отпад завршува надвор од државата каде што, според најголемиот овдешен колективен постапувач со отпад од пакување, и се рециклира[9]. Од друга страна, над 80 % од неселектираниот отпад што може да се рециклира го селектираат и го собираат околу 5 000 неформални собирачи во земјава, кои и натаму остануваат исклучени од системските решенија за управување со отпадот. Единственото социјално претпријатие преку кое во моментов се формализира статусот на собирачите и им се обезбедуваат достоинствени работни услови од неодамна се соочува со отежнувачки административни пречки во дел од скопските општини[10], што е само уште еден пример за негрижата на локалните самоуправи како за ранливите групи на граѓани и за корисниците на услугата, така и за заштитата на самата околина.

4. Депонирањето – најнепожелен, а и натаму најчест начин на управување со отпадот

Цели 15 години по донесувањето на првиот Закон за управување со отпад, управувањето на отпадот во Македонија се заснова врз најнепосакуваната опција за управување, а тоа е депонирањето – полагање во или над земјата. Со оглед на тоа што собирањето и отстранувањето на отпадот е одговорност на општините, а опремата, возилата и квалитетот на услугата не соодветствуваат на воспоставените стандарди, најголемиот дел од отпадот завршува на скопската депонија „Дрисла“, како и на општински нестандардни депонии и на диви депонии, чија вкупна бројка се проценува и до 1 000. Од нив, според надлежното Министерство, 54 депонии се приоритетни за затворање, од кои 30 се со висок и со среден ризик. Со исклучок на „Дрисла“, каде што во 2023 година завршиле околу 15 000 тони повеќе отпад отколку во 2022 година, и на депонијата во гевгелиско Ново Коњско, ниту една друга општинска депонија не ги задоволува минималните технички услови, поради што со право претставуваат „жешки точки“ за животната средина.

8 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Извештај за генериран отпад за 2023 година. Линк: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=80 Објавен: април, 2024 год.


9 Поткаст на здружението Yes for Less со претставник на „Пакомак“. Линк: https://www.youtube.com/watch?v=WONin8dH-zY Објавен: август, 2024 год.

10 Racin.mk: „РЕДИ Рециклажа се повлекува од Карпош и Центар“ Линк: https://racin.mk/makedonija/redi-recziklazha-se-povlekuva-od-karposh-i-czentar/ Објавен: април, 2025 год.

Отпадот што може да се најде на депониите низ земјава е класифициран во дури 20 групи со соодветни подгрупи. Така, оваа Листа на видови отпад[11], пропишана во согласност со Законот за управување со отпадот, меѓу другото вклучува и:

1. Комунален отпад

Комуналниот отпад е неделив од урбаниот и руралниот пејзаж. Според Државниот завод за статистика, од сиот собран комунален отпад во 2023 година, за дури 82 % се заслужни домаќинствата[12], при што над 85 % отпаѓаат на измешан комунален отпад. Тука спаѓаат предмети за секојдневна употреба, како што се пакувања за производи, искосена трева, мебел, облека, шишиња, остатоци од храна, весници, бела техника, бои и батерии. Покрај отпадот што го создаваат домаќинствата, како комунален отпад завршуваат и отпадот создаден од локалната самоуправа (на пример, отпад од чистење на улиците, канти за отпадоци и паркови) и комерцијалниот отпад што се создава при подготовка на храна (на пример, супермаркети). Истата судбина, се разбира, ја делат и самите пластични кеси во кои најчесто се фрла ваквиот отпад.



Годишно количество создаден минерален отпад од градежништво и уривање
(Извор: https://makstat.stat.gov.mk/)

Зголемувањето на собраните количини комунален отпад од повеќе од 7 % во однос на 2022 година се должи на зголемениот број населени места коишто се вклучени во јавниот систем на колективно собирање комунален отпад (околу 78 % од населението, наспроти 22 % кои не користат комунални услуги и се концентрирани во руралните места[13]). Според европската Рамковна директива за отпад, Македонија уште од 2020 година би требало да рециклира 50 % од комуналниот отпад, но со оглед на тоа што ваквата цел е неостварлива, националниот План за управување со отпад (2021 – 2031) предвидува да се рециклираат 25 % од сиот собран комунален отпад во 2025 година, односно 45 % во 2035 година.

11 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Статистичка класификација на отпад, СКОТ. Линк: https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi.aspx?id=13 Објавена: 2017 год.

12 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Извештај за генериран отпад за 2023 година. Линк: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=80 Објавен: април, 2024 год.

13 Министерство за животна средина и просторно планирање, линк: https://www.moepp.gov.mk/uslugi/otpad

Измешаниот комунален отпад е составен од неразградливи материјали за секојдневна употреба, но и од материјали коишто доколку се селектирани, би можело да се пренаменат, рециклираат или компостираат. Оттука, остварувањето на кои било зацртани цели за третман и за рециклирање на комуналниот отпад е невозможно без селектирање на отпадот. Иако во земјава има најмалку 1 750 поставени контејнери, од кои 1 300 се за стакло, а останатите за хартија, пластика и лименки, сепак секојдневната пракса покажува дека оваа бројка не е доволна, меѓу другото и поради нередовното празнење на садовите.

2. Отпад од амбалажа (пакување)

Меѓу највидливите видови на отпад во нашето секојдневие е токму отпадот од пакување, чие управување е пропишано уште во 2010 година кога во сила стапил првиот Закон за управување со пакување и отпад од пакување (ЗУПОП). Новиот закон[14], донесен во 2021 година, важи за сите видови пакувања кои се пуштаат на пазарот на територијата на Република Северна Македонија, односно за целиот отпад од пакување што се создава во домаќинствата и од вршењето индустриска, трговска, продажна, услужна, административна, како и друга дејност на територијата на државата, без оглед на видот на материјалот на пакувањето и на отпадот од пакување.

Според годишните извештаи, поднесени до надлежното Министерство од колективните постапувачи со отпад, вкупната количина собран отпад од пакување е 50 662 тони, од кои се собираат и се обработуваат само 7 947 тони[15]. Според ЗУПОП, во 2024/2025 година треба да се соберат 70-75 % од пакувањето што е пуштено на пазарот во земјава (процент којшто во 2027 година треба да изнесува фантастични 85 %), додека, пак, од собраните количини веќе би требало да се рециклираат 50–80 %. Иако рециклирањето на отпадот од пакување произведен во Македонија е во пораст, поголемиот дел не се рециклира кај нас, туку се извезува.

ЗУПОП пропишува дека пакувањето треба да е дизајнирано, произведено и продадено на начин на којшто ќе се овозможи повторна употреба или преработка, вклучувајќи и рециклирање, во согласност со хиерархијата за управување со отпад, при што негативното влијание врз животната средина при отстранување на отпадот од пакување или на неговите остатоци настанати при преземање на операциите за постапување со отпад од пакување ќе се сведе на минимум. Иако мерките, стандардите и целите утврдени со овој закон е предвидено да се применуваат како минимални барања коишто треба да се исполнат при управувањето со пакување и отпад од пакување, сепак се чинат како тешко остварливи, па дури и недостижни поради очигледниот проблем со прекумерното пакување.

Прекумерното пакување е симптом на линеарното производство при кое сосема се занемарува процената на животниот циклус на производот – нешто што треба да се

14 Закон за управување со пакување и отпад од пакување, линк: https://www.moepp.gov.mk/sites/default/files/alfa/regulativa/zakon-pakuvanje-otpad-215-2021.pdf

15 Нацрт-извештај за стратегиска оценка на животната средина, Национален план за управување со отпад (2020-2030). Линк: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/10/Nacrt-SOZS-NPUO_14.10.2020_v02.pdf Објавен: октомври, 2020 год.

направи уште при дизајнирањето на производот и на пакувањето доколку е неопходно –па иако управувањето со пакувањето и отпадот од пакување бара и одговорност на производителот, сепак тој не може во целост да ја сноси бидејќи никогаш нема да може да собере, да преработи и да рециклира онолку отпад од пакување колку што изнесува количината на пакување што ја пласирал на пазарот во претходната година по категорија на производи – иако на ова го обврзува самиот закон.

Иако според ЗУПОП, производителите мора да се грижат овој отпад да биде селектиран, собран, обработен и рециклиран, непознат број фирми воопшто не ги пријавуваат пласираните количини на пазарот и воопшто не плаќаат за оваа намена кај сегашните три колективни постапувачи[16]. Поради проблемот со фирмите неплаќачи, за повеќе од 25 000 тони отпад од пакување никој не се грижи и тој завршува на депонии или во природата.

Најочигледен пример за ова се пластичните кеси за носење стоки чие пуштање на пазарот е забрането според ЗУПОП, освен доколку не ги исполнуваат пропишаните критериуми за биоразградливост. Уште еден пример е пластиката за една употреба која, иако е вториот најзастапен вид на отпад во животната средина, веднаш по отпушоците од цигари, сепак е забранета само на територијата на заштитените подрачја. Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2021 година, кога стапи во сила забраната на пластичните кеси, во земјава се произведени 5 800 тони пластични кеси и вреќи. Истовремено, статистиката покажува и дека мерката за плаќање на кесите дала ефект, односно дека за најмалку 10 % е намалена продажбата на биоразградливите кеси коишто сега се единствените што законот ги дозволува со надомест од крајните потрошувачи. Но, четири години по воведувањето на забраната на пластичните кеси, и натаму остануваат неотворени прашањата: Дали биоразградливите кеси е возможно да се разградат на депонија? И дали, дури и кога граѓаните не би ги користеле како кеси за комунален отпад и би ги селектирале на соодветни места, биоразградливите кеси може воопшто да се рециклираат?

3. Биоразградлив отпад

Отпадот од храна од домаќинствата, ресторaните, угостителските и малопродажните објекти, како и од преработувачките капацитети за храна, земјоделскиот и градинарскиот отпад, зелените остатоци од парковите, зелените површини и зелените пазари, отпадната биомаса од шумарството и од дрвната индустрија претставуваат биоразградлив отпад – односно отпад што може да се разгради со анаеробни (без присуство на кислород) или со аеробни (со присуство на кислород) процеси. Иако, според некои проценки, на него отпаѓаат над 45 % од овдешните вкупни количини комунален отпад, кај нас не постојат посебни системи за ваквиот вид отпад.

16 ДОМА: „Илјадници тони отпад не се селектира бидејќи дел од фирмите не го пријавуваат“ https://doma.edu.mk/novinarski-storii/iljadnici-toni-otpad-od-pakuvanje-nezakonski-se-nadvor-od-sistemot-za-selekcija/ Објавен: март, 2023 год.

Според наодите од истражувањето на Асоцијацијата на биогасни централи и производители на биомаса во рамките на Стопанската комора[17], презентирани во 2024 година, сточарството во земјава создава 1,9 милиони тони биоразградлив отпад годишно, а преработувачката индустрија во земјоделскиот сектор – околу 41 000 тони. Притоа, дури 93 % од компаниите сметаат дека „био-отпадот што го генерираат во процесот на производство не влијае негативно на животната средина“ – што, се разбира, не е воопшто точно.

При разградувањето на биоотпадот, на депониите се создава депониски гас. Ако не се користи како извор на енергија, депонискиот гас придонесува кон ефектот на стаклена градина: главно се состои од метан, кој е 21 пат помоќен стакленички гас од јаглеродниот диоксид. Депониските гасови дополнително го зголемуваат ризикот од пожари на депониите. При депонирањето на органската материја, исто така, се создава и депониски исцедок којшто ја загадува почвата, поради што е неопходно да се собира и да се третира подолг временски период. Дополнително, кога поинаку би се управувало со ваквиот отпад, достапниот капацитет на депониите би можел да се користи многу подолго, и тоа за материјали што не е возможно да се третираат или повторно да се употребат.

Несоодветното третирање на биоразградливиот отпад може да доведе до деградација на земјиштето и до загадување на воздухот и кога се согорува во рамките на самиот производствен процес. Ваков пример се досегашните нееколошки практики во производството на грозје и вино во Тиквешкиот Регион, при што е мапирано[18] дека се согоруваат дури 100 илјади тони, односно целиот генериран биоотпад од лозјата.

Оттука, клучно е одржливото и соодветно управување со отпадот, што во овој случај значи пренасочување на биоразградливиот отпад од депониите. Годишните цели се предвидени со Националниот план за управување со отпад (2021-2031), во согласност со барањата на европската Директива за депонии, која утврдува колкави колични биоразградлив комунален отпад смее да се депонираат на годишно ниво. Така, пореалистичниот распоред за пренасочување предвидува дека до 2026 година на депониите во Македонија треба да завршуваат 25 % помалку биоразградлив отпад во споредба со 2019 година, односно 50 % помалку во 2031 година.

Едно системско решение може да бидат општинските компостари каде што ваквиот отпад ќе се претвора во компост, што потоа би се користел како ѓубриво. Во Скопје, за третман на 40 000 тони биоразградлив отпад, колку што приближно изнесува целокупната годишна количина, потребни се 40 компостери со капацитет за преработка на 1 000 тони отпад на годишно ниво. Иако постојат изолирани примери на организирано компостирање како во Ресен и Кавадарци, а Градот Скопје спроведе јавни набавки за две компостари, свесноста и конкретните чекори за управување со отпадот на овој начин се и натаму на исклучително ниско ниво.

17 Стопанска комора на Северна Македонија, работилници за мапирање на проблемот со органскиот отпад и изнаоѓање решенија, линк: https://www.mchamber.mk/mk/news/index/523 Објавено: мај, 2024 год.

18 МИА, „Конференција за користењето на органскиот отпад при производството на грозје и вино“. Линк: https://mia.mk/en/story/конференција-за-користењето-на-органскиот-отпад-при-производството-на-грозје-и-вино Објавено: ноември 2024 год.

4. Комерцијален и индустриски отпад

Практиката покажува дека во измешаниот комунален отпад има и комерцијален и индустриски отпад. Комерцијален отпад е секој друг отпад што се создава од правните и физичките лица при вршење комерцијални, индустриски, трговски, услужни, административни и слични дејности и е сличен по природа или состав со отпадот од домаќинствата (пр. трговија на големо и мало, угостителски услуги и барови, канцеларии и пазари, како и остатокот од услужниот сектор). За разлика од него, индустрискиот отпад се разликува од комуналниот затоа што е отпад што се создава во производствените процеси во индустријата. Притоа, индустрискиот отпад што завршува на депониите може да биде и опасен и неопасен. Се проценува дека околу 5 000 тони неопасен индустриски отпад се депонира на комуналните депонии, заедно со околу 500 тони опасен индустриски отпад.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година се создадени 1 397 000 тони отпад, од кои 70,5 % се неопасен, а 29,5 % опасен отпад. Најмногу опасен отпад е создаден во секторите рударство и вадење камен (речиси 405 илјади тони), а најмногу неопасен отпад создала преработувачката индустрија (околу 488 850 тони). Во истата година се третирани вкупно 1 376 000 тони отпад. Количеството на рециклиран отпад или отпад предаден за рециклирање изнесува 564 000 тони: притоа, најголеми се количеството на отпадоци од железен метал, необоени метали, отпадоци од хартија и картон и отпадоци од пластика. Од создадениот отпад, речиси 21 илјада тони се складиран отпад.


Моментално, комерцијалниот отпад најчесто го собира Јавното комунално претпријатие (ЈКП). Но се смета дека сегашниот систем за наплата за собирање на отпадот од страна на ЈКП – заснован врз вкупната површина на комерцијалните или индустриските објекти наместо врз тежината или волуменот на произведениот отпад – е во спротивност со законодавството за отпад на ЕУ бидејќи не ги охрабрува комерцијалните и индустриските оператори да го минимизираат своето производство на отпад. Во моментов не постојат законски цели за рециклирање за комерцијалниот и индустрискиот отпад како целина, ниту на европско ниту на македонско ниво.

5. Градежен отпад и шут

Градежниот отпад и шут е и меѓу тековите на отпад што се најприоритетни за управување токму поради големите количества што се создаваат, но и поради големиот потенцијал за повторна употреба и рециклирање на овие материјали. Со него е опфатен отпадот од ископи и градилишта, од уривање и кршење материјал, од реконструкција на објекти и улици, но и од градежни работи и активности во приватните домаќинства. Правилното управување, меѓу другото, би подразбирало сортирање на градежниот отпад и шут во неговите составни фракции и рециклирање на инертниот отпад (тули, плочки и бетон) во рециклиран агрегат. На ваков начин би можело ем ефикасно да се користат природните материјали, ем да се ублажат влијанијата на градежната индустрија врз животната средина.

Државниот завод за статистика евидентирал дека, во 2022 година, градежната индустрија генерирала 64 463 тони отпад, главно неопасен. Според податоците, најголем процент од него отпаѓа на минерален отпад од градење и уривање (речиси 45 000 тони), по што следат отпадот од ископување (над 7 000 тони) и отпадоците од стакло, хартија и картон, и пластика. Само на депонијата „Дрисла“ во 2023 година се примени и депонирани 48 383 тони градежен шут[19], што е за 15 000 тони повеќе од 2022 година.

Од друга страна, пак, европската Рамковна директива за отпад предвидува дека до 2020 година требало да се преработуваат 70 % од сиот неопасен градежен отпад и шут, вклучувајќи подготовка за повторна употреба, рециклирање и друга преработка на материјали – уште еден краен рок што за Македонија ќе мора значително да се пролонгира.



Годишно количество создаден минерален отпад од градежништво и уривање
(Извор: https://makstat.stat.gov.mk/)

Градежниот отпад и шут не го собира Јавното комунално претпријатие, поради што овој отпад најчесто се одлага незаконски. Затоа државата треба што поскоро да го воведе градежниот отпад и шут во формалниот сектор за собирање, преработка и отстранување.

Во 2022 година, Градот Скопје ја најави имплементацијата на циркуларен модел за справување со градежен отпад[20]. Но за да може воопшто да се зборува за соодветно управување со овој вид на отпад, клучно е, пред сè, да се подобри евиденцијата на податоци. Меѓу другите чекори што ги предвидува Националниот план за управување со отпад (2021 – 2031) е и воведувањето мерки за промовирање селективно уривање и отстранување опасни супстанции, за олеснување на повторната употреба и за висококвалитетно рециклирање, како и на законска обврска за Планови за

19 ЈП Депонија Дрисла Скопје, Извештај за целокупното работење на ЈП Депонија Дрисла Скопје за 2023 година. Линк: https://drisla.mk/wp-content/uploads/2024/07/izveshtaj-za-czelokupno-rabotene-na-drisla-za-2023.pdf Објавен: април, 2024 год.

20 Град Скопје, официјална веб-страница: „Арсовска: Градот Скопје е прва единица на локалната самоуправа со проект за рециклирање и реупотреба на градежен отпад“. Линк: https://skopje.gov.mk/mk/vesti/2019/14062022_grad-skopje-e-prva-edinica-na-lokalna-samouprava-so-proekt-za-recikliranje-i-reupotreba-na-gradezen-otpad/ Објавено: јуни, 2022 год.

управување со отпад на локацијата за големи градежни проекти. Нешто за што, според надлежните, ќе бидат потребни уште најмалку 10 години.

6. Опасен отпад

Опасен отпад е оној што, по својот состав или концентрации на опасни супстанции, може да предизвика опасност по животната средина, животот и здравјето на луѓето и што има едно или повеќе опасни својства, како што се: експлозивност, реактивност, запаливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, токсичност за репродукција, екотоксичност и својства на испуштање отровни гасови при контакт со вода, воздух или киселина. Така, покрај опасниот отпад од индустријата и градежништвото (вклучително и азбестот), тука спаѓаат и отпадните масла, опасниот земјоделски отпад, отпадната електрична и електронска опрема, батериите и акумулаторите, опасниот отпад од домаќинствата, медицинскиот отпад и отпадните возила.

Голем дел од опасниот отпад привремено се складира или се отстранува заедно со неопасниот отпад на нестандардни општински депонии, практика што е забранета со закон. Се проценува дека во последните 10 години, околу 65 000 тони разновиден опасен отпад се складирани на различни локации низ целата земја. Во земјава не постои ниту депонија за опасен отпад, ниту изгледи дека ќе се преземе ваков потфат во блиска иднина. Така, останува да се бараат начини хемискиот отпад да се носи во други земји, бидејќи времените мерки како покривање и оградување нема да го решат проблемот со загадувањето.

Од друга страна, оредени видови опасен отпад може повторно да се употребат, да се преработат или да се рециклираат, иако достапните опции секогаш зависат од природата на опасната компонента на отпадот. И покрај ова, сепарацијата на определени текови на опасен отпад генерално зависи од побарувачката на пазарот, односно се врши сепарација на оние видови опасен отпад за коишто постои комерцијален пазар. Оттука, меѓу првите чекори што државата треба да ги направи е да ги подобри податоците за количината на опасен отпад што се создава и за начините на кои со него се постапува, поради што се предвидува воспоставување национален информативен систем за прибирање податоци за животната средина.

Постоечките податоци на Државниот завод за статистика за 2022 година покажуваат дека рударството и вадењето камен генерираат драстично повеќе опасен отпад во земјава отколку која било друга економска гранка. Според Годишниот извештај за квалитетот на животната средина за 2023 година[21], 144 деловни субјекти кои во процесот на своето работење создаваат опасен отпад пријавиле вкупна количина од 417 753 m3 и 3 751 тони создаден опасен отпад. Од неа, само 2 897 тони и 40 m3 се пријавен преработен опасен отпад. Притоа, дел од ваквиот отпад бил и самостојно отстранет од деловните субјекти, односно депониран (речиси 417 илјади m3) или времено складиран (239 тони и 10 m3). Не е познато како е постапено со 364 тони и 380 m3 опасен отпад.

Во продолжение следи преглед на неколку текови на опасен отпад во земјава.

21 Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2023 година Линк: https://www.moepp.gov.mk/sites/default/files/alfa/reports/2023_vkupengodisen_final.pdf Објавен: септември, 2024 год.

6.1. Батерии и акумулатори

Батериите и акумулаторите се произведени од вредни и ретки суровини, но содржат разни опасни хемикалии и тешки метали, поради што претставуваат опасен отпад и е задолжително да се собираат одделно од останатиот отпад. Акумулаторите може да се рециклираат до 70 %, па со оглед на тоа што имаат висока откупна цена, ваквиот отпад, за среќа, речиси и да не се појавува на депониите. Но многу попроблематични се батериите коишто многу често се фрлаат со комуналниот отпад од домаќинствата и од комерцијалните и индустриските објекти иако може да се рециклираат до 60 %. Едно истражување за отстранување на отпадни батерии во три општини (Скопје, Охрид и Делчево)[22] покажува дека на општинските депонии на овој начин се отстрануваат и до 270 тони отпадни батерии годишно. Во големите супермаркети и во други објекти се поставени специјално наменети садови за собирање батерии, но иако стапките на собирање се подобруваат, тие сè уште се ниски.

Според Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (ЗУБАОБА)[23], крајниот корисник е должен да ги достави отпадните индустриски батерии или акумулатори на производителот (од каде што ги купил) или на правни или физички лица кои имаат дозвола за постапување со отпад, а ниту еден поседувач и трговец не смее да го одбие предавањето на преносливи отпадни батерии и акумулатори, ниту да бара за возврат купување нови батерии и/или акумулатори или да наплаќа надоместок за враќањето.

Целејќи да создаде пазарни услови за високи нивоа на собирање и третман, со овој закон се воведе проширена одговорност на производителот, заради што се воспоставија и првите колективни постапувачи. Ваквите колективни постапувачи обединуваат околу 57 % од производителите кои пуштаат батерии на пазарот и кои имаат дозвола за колективен постапувач[24]. Поради непостоењето електронски систем за прибирање податоци и поради слабата инспекција, овие колективни постапувачи, заедно со уште еден самостоен постапувач, се единствените што ја полнат базата на податоци преку доставување годишни извештаи до надлежното министерство. Како последица на ова, и за овој вид отпад недостигаат целосни и ажурирани податоци.


Според Годишниот извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина на МЖСПП[25], во 2023 година се собрани вкупно 5 848 122 тони батерии и акумулатори, а рециклирани се 5 743 870 тони. Притоа, може да се види дека најголем удел во вкупната количина на батерии и акумулатори кои се пуштени на пазар и кои се собрани и рециклирани се автомобилските батерии и акумулатори (над 98 %).

22 План за управување со отпад на Република Северна Македонија (2021 – 2031), линк: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/План-за-Управување-со-отпад-на-РСМ-2021-до-2031-година.pdf

23 Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, стапен во сила на 11.08.2021 год. Линк: https://dejure.mk/zakon/zakon-za-upravuvanje-so-baterii-i-akumulatori-i-otpadni-baterii-i-akumulatori-1

24 План за управување со отпад на Република Северна Македонија (2021 – 2031), линк: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/План-за-Управување-со-отпад-на-РСМ-2021-до-2031-година.pdf

25 Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2023 година Линк: https://www.moepp.gov.mk/sites/default/files/alfa/reports/2023_vkupengodisen_final.pdf Објавен: септември, 2024 год.



Годишно количество создаден отпад од батерии и акумулатори во периодот 2016-2022 година (Извор: https://makstat.stat.gov.mk/)

Со оглед на тоа што целите за собирање и третман на овој вид отпад утврдени со Директивата за отпадни батерии и акумулатори на ЕУ се недостижни за нас, државата дефинира национални цели според кои во 2025 година би требало да се соберат 45 % од преносните батерии и акумулатори, односно 80 % од индустриските батерии и акумулатори. Законот поставува и цели за рециклирање на собраните батерии – 65 % од просечната тежина на оловнокиселинските батерии (акумулатори), 75 % за никел-кадмиумските батерии и 50 % за другите отпадни батерии и акумулатори.

6.2. Отпадна електрична и електронска опрема (ОЕЕО)

Овој вид отпад е еден од најбрзо растечките текови на отпад во ЕУ, со пораст од 3–5 % годишно. Несоодветното управување со него носи низа еколошки и здравствени ризици и ги ускратува можностите за екстракција на секундарни суровини. А, сепак, речиси 70 % од тешките метали на депониите доаѓаат токму од електричните и електронските апарати[26].

Според новиот Закон донесен во 2021 година[27], производителот е должен на свој трошок да обезбеди исполнување на обврските и целите на овој закон, преку повратен прием, одделно собирање, повторна употреба, рециклирање и преработка на отпадна опрема која е создадена од пуштањето на ваква опрема на пазарот во земјата.

Врз основа на извештаите доставени од само три колективни постапувачи[28], во 2023 година на пазарот биле пуштени 18 527 тони ваква опрема, при што најголем удел имале големата опрема (45,58 %), па опремата за температурна размена и екраните, мониторите и опремата која има екрани со површина поголема од 100 cm2. Во

26 Друштво за управување со отпад Нула Отпад ДОО – Скопје. Линк: https://www.nulaotpad.com.mk/електрична-и-електронска-опрема

27 Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, стапен во сила на 11.08.2021 год. Линк: https://dejure.mk/zakon/zakon-za-upravuvanje-so-elektrichna-i-elektronska-oprema-i-otpadna-elektrichna-i-elektronska-oprema-1

28 Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2023 година Линк: https://www.moepp.gov.mk/sites/default/files/alfa/reports/2023_vkupengodisen_final.pdf Објавен: септември, 2024 год.

споредба со овие категории, светилките, малата информатичко-комуникациска технологија и телекомуникациска опрема и малата опрема имаат незначителен удел. Од количините пуштени на пазарот собрани се само 6 758 тони. Од нив, рециклирани и преработени се 5 698 тони (вклучително и подготвени за повторна употреба). Приближно 2 400 тони се извезени за рециклирање, преработка и отстранување, а околу 523 тони се складиран отпад.

Со оглед на тоа што Македонија проби дел од целите утврдени со различните Директиви за отпад на ЕУ и е тешко да ја оствари планираната динамика, зацртани се национални цели според кои годинава треба да се соберат 40 %, а до 2027 година, 50 % од пуштената електрична и електронска опрема на пазарот.

6.3. Отпадни масла

Отпадни масла се прехранбени минерални, синтетички или индустриски масла, во течна или полутечна состојба, кои станале непогодни за употребата за којашто првично биле наменети. Со нивна преработка може да се добие преработено масло за гориво што може да се користи како замена за индустриско гориво. Притоа, само еден литар отпадно масло може да контаминира милиони литри вода.

Во земјава постојат три овластени приватни компании за регенерација на отпадни масла (односно за рафинирање отпадни масла заради производство на базични масла), а за собирање и транспорт на отпадни масла се лиценцирани 9 фирми. Досегашните сознанија упатуваат на тоа дека поголемиот дел од отпадните масла во индустријата незаконски се горат или едноставно се фрлаат на отворено. Планираното развивање на шема за проширена одговорност на производителот се очекува да обезбеди финансирање на одделното собирање, како и поодржливи опции за третман, преработка или регенерација на отпадните масла. Покрај индустријата, којашто е најголем производител на отпадни масла и масти, одредени постапувачи во земјава исто така ги собираат и ги преработуваат и отпадните масла од домаќинствата.

Според националните цели за собирање отпадни масла утврдени со Законот за управување со дополнителни текови на отпад[29], во тековната 2025 година треба да се соберат 15 % од сите отпадни масла пуштени на пазарот, количина којашто во 2031 година треба да изнесува 45 %. Истиот закон предвидува дека од 2031 година секој производител ќе биде должен да ги исполнува и националните цели за повторна употреба, рециклирање и други видови преработка на отпадните масла: 70 % ќе треба да се преработуваат, а 30 % да се согоруваат. Во текот на истражувањето, не се најдени понови податоци за вкупните собрани и/или преработени количини на отпадни масла во земјава.

29 Закон за управување со дополнителни текови на итпад, стапен во сила на 25.09.2021 год. Линк: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/SLUBEN-VESNIK-NA-RSM-br.-216-zakon-za-posebni-tekovi-otpad.pdf

6.4. Отпадни возила

Стапките на рециклирање за искористени возила и отпадни гуми се меѓу показателите за напредок што ги утврдува Планот за управување со отпад на РСМ до 2031 година. Ова произлегува од Директивата на ЕУ за искористени возила, која бара зголемување на рециклирањето на искористените возила и нивните компоненти, но и подобрен еколошки учинок на сите економски оператори вклучени во животниот циклус на возилата. Токму затоа, во тек е развој на шема за проширена одговорност на производителот за искористени возила, што треба да придонесе кон развој на целосен систем за управување со овој тек на отпад.

Од 2021 година, управувањето со искористени возила и отпадни гуми е поспецифично уредено со Законот за управување со дополнителни текови на отпад[30]. Според него, во тековната 2025 година треба да се соберат 40 % од отпадните гуми и 15 % од отпадните возила, бројки што во 2031 година треба да бидат за 30 % повисоки. Притоа, од 2031 година производителот ќе биде должен да преработува дури 98 % од собраните гуми, а до 1 јануари 2027 година повторната употреба, преработка и рециклирање за сите собрани отпадни возила ќе треба да се зголеми за најмалку 70% од просечната маса на празното возило.

Но, состојбата на терен се коси со законски зацртаното. Првата регистрација на нови возила во земјава е петпати поевтина во споредба со користените возила. Од година во година, постојано расте бројот на регистрирани патнички возила (149 484 автомобили на крајот на 2018 година на територија на Скопје, 184 646 автомобили или над 35 илјади возила повеќе на крајот на 2023 година[31]) за сметка на бројот на превезени патници со јавниот превоз којшто, пак, драстично опаѓа: во 2022 година, автобус користеле 28,5 милиони патници за разлика од годините пред пандемијата со КОВИД, кога јавен превоз користеле во просек 45 милиони патници[32]. Згора на тоа, во 2025 година, три скопски општини објавија дека ќе доделуваат субвенции за млади лица наменети за полагање на возачки испит.

Низ земјава постојат околу 250 отпади за старо железо, но лиценца за складирање и третман на искористени возила имаат само две компании. Отпадните гуми, пак, главно се депонираат, но дел од нив се собираат и се користат како гориво во производството на вар. Согорувањето гуми не се применува како извор на енергија, иако постои преработувачки капацитет во цементарницата во Скопје, којашто има искажано интерес за преработка на стари гуми.

30 Ibid.

31 База на податоци МАКСТАТ, линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Transport__RegistriraniVozila/

32 МЕТА.МК: „Катастрофален пад на бројот на патници во скопскиот јавен превоз (инфографик)“ Линк: https://meta.mk/katastrofalen-pad-na-brojot-na-patnici-vo-skopskiot-javen-prevoz-infografik/ Објавен: март, 2023 год.



Преглед на судската пракса за дела против животната средина и природата
(Извор: Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА))

7. Текстилен отпад

Во периодот до 2031 година, напредокот во управувањето со отпадот ќе се мери и преку стапката на рециклирање на отпадот од текстил. Ова е логично ако се има предвид дека текстилната индустрија, една од водечките индустриски гранки во земјава, годишно генерира 6 000 – 7 000 тони отпад[33]. Според некои национални проценки, текстилниот отпад учествува со околу 5 % во вкупниот измешан комунален отпад.

Со оглед на тоа што кај нас најдоминантно е т.н. „лон“ производство – се увезуваат текстилни материјали од кои се кројат и се шијат производи, по што крајниот производ се доставува назад во земјите од потекло, а сиот остаток од текстилниот материјал кој не бил употребен останува тука – справувањето со ваквиот отпад бара, пред сè, формално-правно решение. Актуелната регулатива ги обврзува текстилните компании да го складираат отпадот кај нив, па да го стават на увид на Царинската управа, по што отпадот завршува на депониите. Освен што го фрлаат на депонии, текстилните компании го превезуваат текстилниот отпад до скопската цементарница „Усје“, каде што се согорува. Без мерење и следење на ефектите од ваквата практика, точните последици по здравјето и животната средина остануваат непознати.

Решавањето на проблемот, секако, бара и развивање капацитети за рециклирање кои

33 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Соопштение за медиуми за собран комунален отпад за 2023 година. Линк: https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/9.1.24.03_mk.pdf Објавено: април, 2024 год.

во моментов се далеку од доволни. Засега постојат два вакви постапувачи коишто се занимаваат со еден вид отпаден текстил, кој потоа се враќа во производството. Во оваа смисла, еден од најгорливите предизвици е управувањето со мешаниот текстил. Текстилниот отпад, исто така, може да се рециклира и да се примени во градежништвото како изолациски материјал, како и во автомобилската индустрија и во индустријата за мебел. Иако малубројни, во Македонија постојат примери за вакви иновативни пристапи.

Во десетгодишниот Национален план за управување со отпад е предвидено донесување Стратегија за текстил во 2022 година, како и развивање шема за проширена одговорност на производителот за овој вид отпад. Исто така, утврдени се национални цели според кои, во тековната 2025 година, производителите се должни да соберат 15 % од вкупните количини на отпаден текстил во земјава, односно 45 % во 2031 година. Градоначалникот има должност да обезбеди собирни места за бесплатно одлагање на отпадниот текстил од крајните корисници, исто како и во случајот со отпадните гуми. Од 1 јануари 2031 година речиси сиот отпаден текстил (98 %) ќе треба да се рециклира и повторно да се употребува.

5. Што прави државата?

По цела деценија, конечно кон крајот на 2024 година беше објавен тендерот за избор на фирма која ќе ја гради првата регионална депонија во земјава што ќе работи по европски стандарди[34]. Со ова конечно треба да започне долгоочекуваниот хиерархиски и интегриран пристап за управување со отпадот на локално, односно регионално ниво, инаку предвиден и со Поглавјето 27 на ЕУ, „Животна средина и климатски промени“.

Планирано е да се изгради во светониколското село Мечкуевци, заедно со уште шест претоварни станици во Куманово, во Ранковце, во Штип, во Виница, во Македонска Каменица и во Берово, со што се очекува да се покријат потребите на жителите од вкупно 18 општини, колку што има во Источниот и Североисточниот Регион. Поради ова, во овие два региона веќе се спроведуваат активности за затворање на нестандардните депонии и ѓубришта.

Изградбата е предвидено да се одвива паралелно за кога ќе се пушти во работа регионалниот центар, да биде целосно функционален, односно да може да работи самата депонија, сосе постројката за механичко-биолошки третман, пречистителната станица и линијата за селекција. Во овој регионален центар ќе се депонира сиот отпад што општините нема да можат да го селектираат, за што веќе имаат добиено камиони за собирање смет и 4 000 контејнери за селектирање на отпадот. За ваквиот потфат се обезбедени 40 милиони евра преку ИПА фондови, но треба да бидат искористени до 2026 година. Во спротивно, државата ризикува да ја изгуби финансиската поддршка од ЕУ.

Регионалниот пристап на третман на отпадот ќе се спроведува и во другите делови во земјата. Покрај оваа во Светониколско и „Дрисла“ во Скопскиот плански регион, предвидени се регионални центри за управување со отпад и кај депонијата „Мегленци“

34 Министерство за животна средина и просторно планирање, „Мецити: Подготвени сме да се соочиме со предизвиците во животната средина“ Линк: https://www.moepp.gov.mk/medija/novosti/241025-mediti-podgotveni-sme-da-se-soochime-so-predizvicite-vo-zhivotnata-sredina Објавено: октомври, 2024 год.

во Општина Новаци (Југозападен плански регион и Пелагонија), депонијата „Доброшинци“ во Општина Василево (Југоисточен и Вардарски плански регион) и кај депонијата „Русино“ (Полошки плански регион), локација што е планирано да се замени со нова по пет години.

Во изминативе десет години, колку што ѝ требаа на земјата за да стигне дотука, се креираа илјадници страници документи, стратегии и планови, а на терен се создаваа нови депонии. Причините за ваквото пролонгирање се бројни – од немање законска регулатива и несогласување кој ќе раководи со јавното претпријатие одговорно за регионалниот центар, сè до отсуство на казнена политика и санкции за неправилното одлагање на отпадот. Но, една од најважните, се чини, е отпорот од населението. Ова, од една страна, се должи на оправданата недоверба во надлежните институции и на стравот да не се загади околината уште повеќе, а од друга страна, на недоволната информираност и на исклученоста на граѓаните од самите процеси.

6. До каде сме со еколошката свест?

За вистински да профункционираат регионалните центри за отпад – или кое било решение поврзано со животната средина – не е доволно само да се смислат и да се изведат. Одличен пример е скорешната забрана на пластичните кеси, којашто покажа дека дури и кога законското решение е добро(намерно), во пракса постои тенденција да се изигрува, а непочитувањето да се толерира. За да може (до)сегашниот начин на функционирање да се промени, заштитата на животната средина мора да стане приоритет во буквално секоја сфера на општественото живеење.

Најпрво мора долгорочно да се работи врз подигнување на свеста – како кај самите граѓани, така и кај приватниот сектор, граѓанското општество, научната фела, но и кај медиумите и самата власт. Арно ама, со оглед на смешните буџетски средства што со години се предвидуваат за оваа цел, не треба да зачудува фактот што иако расте свеста за сериозните влијанија на климатската криза и за потребата од итна акција, сепак, на пример, половина од студентите во земјава[35] не ги препознаваат човековите активности како главен причинител за климатските промени.

За климатската акција и управувањето со отпадот да бидат неизоставен дел од идните секторски политики, климатското и еколошкото образование мора што поскоро да стане неизоставен дел од сите нивоа на образовниот систем. Токму затоа и фигурира во бројни документи и конвенции како што се Парискиот договор, Рамковната конвенција за климатски промени на ООН, Зелениот план за развој на Европската Унија, Зелената агенда на Западен Балкан итн. Но, како што покажува едно истражување меѓу 80 македонски бруцоши поврзано со циркуларната економија[36], ниту знаењето, ниту позитивниот став по одредена тема не мора нужно да значат промена во однесувањето. Оттука, не е доволно само да се продуцира знаење и да се мапираат проблемите, туку и да се изнаоѓаат решенија бидејќи „ако младите не знаат како поинаку да се однесуваат, тогаш најлесно ќе биде да прават како што се правело отсекогаш“.

Кај нас, како и во сите други сфери на живеењето, засега еколошкото образование

35 ДОМА: „Повеќе од половина студенти во Македонија не веруваат дека човекот придонесува кон климатските промени“. Линк: https://doma.edu.mk/novinarski-storii/povekje-od-polovina-studenti-vo-makedonija-ne-veruvaat-deka-chovekot-pridonesuva-kon-klimatskite-promeni Објавен: септември, 2024 год.

36 Marica Antovska-Mitev, Tatjana Drangovska. Awareness on Concept of Circular Economy in North Macedonia on the Example of First Cycle University Students. Објавен: Central and Eastern European Online Library, 2024 год. Линк: https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=1264634

зависи од освестеноста и заложбата на поединци[37]. Меѓу наставниците има такви со развиена еколошка свест, но како и за многу други нешта, и за ова кубурат со ресурси. Новитет што можеби ќе го сврти курсот во поволен правец е Нацрт-концепцијата за реформи во гимназиското образование[38], што Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието ја објавија во јануари годинава, која меѓу четирите главни начела ги вбројува токму промовирањето и заштитата на животната средина. Преку меѓупредметно учење, темите за одржлив развој би требало да бидат интегрирани во предметите од општествените области, со што би им се овозможило на учениците да ги поврзат еколошките теми со пошироки општествени и економски аспекти. Со усвојувањето на концепцијата би се трасирал патот за воведување на еколошкото образование и во гимназиите, како што веќе е почнато да се прави со стручните училишта.

Слабата имплементација на политиките е тесно поврзана и со ниската стапка на учество на сите засегнати страни во процесот на нивното креирање. Преку вклучување на јавноста, многу поголема е веројатноста дека одлуките ќе бидат засновани врз споделени знаења, искуства и научни докази, дека предвид ќе бидат земени иновативни и креативни опции и конечно, дека самите одлуки и мерки ќе бидат применливи, функционални и прифатливи за јавноста, а особено за оние коишто се директно засегнати од нив[39]. Оттука, јавната свест и волјата на граѓаните да соработуваат се еднакво важни за управувањето со отпадот како и изградбата на потребната инфраструктура или донесувањето неопходно законско решение. Но, се чини дека на надлежните тешко им оди усвојувањето на оваа лекција. Потврда за ова е троцифреniот број на пријави што граѓански организации како „Фронт 21/42“ ги имаат поднесено пред Управниот суд[40], од кои голем број се однесуваат токму на непочитувањето на законските одредби за учество на јавноста во процесот на носење закони поврзани со животната средина.

Уште еден показател за ниската свест во земјава е и фактот што, од вкупно 132 правосилни пресуди за кривични дела против животната средина и природата, најдени преку порталот sud.mk во периодот од 1 јануари 2017 до 31 јули 2021 година, само една пресуда се однесува на загрозување на животната средина и природата со отпад[41]. Оттука, во услови кога власта упорно каска во грижата за животната средина, а со тоа и во грижата за здравјето на луѓето, упорно намалувајќи ги Националните цели за управување со отпад во секое ново законско решение, на природата насушно ѝ се потребни освестени граѓани кои ќе бараат одговорност од оние што би требало најревносно да ги спроведуваат законите – затоа што самите и ги донеле!

37 ДОМА: „Македонците се еколошки писмени – можеби?“ Линк: https://doma.edu.mk/istrazuvanje-i-edukacija/makedoncite-se-ekoloshki-pismeni-mozhebi/ Објавен: март, 2025 год.

38 Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието. Концепција за гимназиско образование (јануари, 2025 год.). Линк: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2025/01/КОНЦЕПЦИЈА-гимназиско-1-2025.pdf

39 Daniel TOMIC, Biserka DIMISHKOVSKA. Public Participation In Solid Waste Management in N. Macedonia, објавен во Quaestus Open Access Journal, 2021 год. Линк: https://www.quaestus.ro/wp-content/uploads/2012/03/Daniel-tomic.pdf

40 ДОМА: „Државата заборава дека Уставот ни гарантира здрава животна средина“ Линк: https://doma.edu.mk/novinarski-storii/drzhavata-zaborava-deka-ustavot-ni-garantira-zdrava-zhivotna-sredina/ Објавен: март, 2022 год.

41 Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА), „Како до ефикасна и ефективна еколошка правда?“ Линк: https://cpia.mk/mk/како-до-ефикасна-и-ефективна-еколошка-2/ Објавено: март, 2021 год.

7. Можно ли е да се справиме со отпадот ако постојано се затрупуваме?

Уште еден начин – според некои, најефективниот – да се подигне свеста и да се промени однесувањето на граѓаните и компаниите е преку бескомпромисно изрекување казни за прекршителите. Но, за да може надлежните да казнуваат, мора да постои доволно развиена инфраструктура. Исто така, се предлага, наместо според површината, цената на услугите за управување со отпад да се утврдува според видот и количината на создадениот отпад. Уште една можност е финансиски да се стимулираат производителите да преминат кон циркуларни модели на производство. Сигурно звучи излитено, но можеби доволно би било, како за почеток, задолжително и доследно да се спроведува важечката законска регулатива и, притоа, особено да се инсистира на почитување на одредбите за проширената одговорност на производителот.

Иако нема човек во земјава што мисли дека живее во здрава и чиста средина, сепак се чини дека препораки има исто онолку колку што нема политичка волја. Но, ако проблемот со отпадот се согледа во рамките на постојниот економски систем, односно како последица на лошиот дизајн и на безумната експлоатација на необновливите природни суровини заради профит, тогаш истовремено и несомнено би можело да се заклучи дека управувањето со отпадот – па дури и одржливоста! – е невозможна мисија во постојниот капиталистички систем.

Справувањето со – па, дури и надминувањето на – отпадот како проблем бара менување на економскиот систем во целост. Иницијативата за овој потфат може да тргне од освестените поединци, но целиот товар никако не смее да падне само врз плеќите на потрошувачите. Сè додека треба да управуваме и да се справуваме со отпадот, не може да имаме одржлив развој. А за да се постигне одржливост, проблемот со отпадот – како и секој друг општествен проблем – мора да се решава интерсекционално. Со други зборови, нема да се отарасиме од отпадот ако не се избориме со корупцијата, ако не засукаме ракави за да ја надминеме класната нееднаквост, ако не се стремиме кон децентрализација и намалување на населеноста во градовите, ако немаме насекаде еднакво пристап до квалитетна здравствена грижа, административни услуги, културни и младински содржини, ако храната се увезува наместо да се одгледува на домашен терен. Оти нема фајде од рециклирање и спалување на сиот отпад, па макар било и за производство на енергија за топлење на домовите ако продолжуваме да го создаваме со исто темпо и да ја деградираме природата, на која очигледно сме заборавиле дека ѝ припаѓаме.

Зелениот социјализам ни е најверојатно единствената опција ако сакаме да преживееме како вид. Во таков систем, „економскиот раст не само што ќе престане да биде стремеж во економската сфера, туку ќе дојде до одраст, скратување на работното време, неконсумеристичка благосостојба, развој во човечка смисла. Ќе се произведува не за да се оствари профит, туку за да се задоволат вистинските

неманипулирани човечки потреби. Нема да се произведуваат лесно расипливи стоки, туку трајни добра. Ќе се живее во хармонија со природата, а не третирајќи ја неа како извор на ресурси и ѓубриште“[42]. Со други зборови, ако сакаме да живееме без да се задушуваме во отпад, мора што поскоро да се погрижиме „потрошувач“ да не биде дефиницијата за современиот човек, ниту „природни ресурси“ – дефиниција за природата.

Кратка биографија на авторот

Андријана Папиќ Манчева е преведувачка и поборничка за репродуктивна слобода со значително работно искуство во граѓанскиот сектор и во тимот на Фестивалот на креативен документарен филм „Македокс“. Во 2017 година, на сопствена иницијатива ја преведува, а следната година успева и да ја издаде и да ја промовира книгата „Дом со нула отпад“ од авторката Беа Џонсон. Страста за живеењето со помалку отпад, која оттогаш расте заедно со родителството, низ годините се претвори во неисцрпен интерес за екофеминизмот низ призмата на интерсекционалноста.

42 Здравко Савески, „Кон зелената економија на иднината“ објавен во зборникот „Друг свет: Огледи за системска транформација“, издавач: Плоштад Слобода, уредник: Ивана Драгшиќ, Скопје, 2021 г.

Домувањето како клучен фактор во одржливиот развој на градот и во борбата со климатските промени во Македонија

Ива Петрунова

„Наскоро насекаде треба да имаме аспиратори за чад, апсорбирачи на прашина, озонизатори, стерилизатори на вода, воздух, храна и облека; системи за спречување на несреќите на улиците, патиштата на нивоа и метро. Би било речиси невозможно да се разболите од бактерии или како било да се повредите во градот, и жителите од селата би доаѓале во градот за да се одморат или да закрепнат.“ – вака Никола Тесла ја опишал својата замисла за развојот на градот.

Вовед

Еден од главните аспекти во создавањето одржлива иднина е ревидирање на начините на домување и создавање одржливо домување. Домувањето е физички најзастапено во изграденото градско ткиво, препознатливо во урбаната морфологија и претставува основно право на секој човек. Преку истражување на концептите за домување и стилот на животот што тие го поттикнуваат, може да се разберат урбаните предизвици со кои се соочува современиот човек и да се најде нивно потенцијално решение. Анализирањето на домувањето во урбанистички и општествен контекст ја покажува поврзаноста на сите сфери на градскиот живот со домот и со просторот. Сепак, домувањето во градот не може да се гледа само како еден изолиран сегмент, туку се поставува во поширокиот контекст. Кога се зборува за квалитетно домување, неизбежно мора да се спомне и опкружувањето на тоа домување, односно јавниот простор и достапните сервиси во непосредна околина кои го поддржуваат животот во градот. За одржливо домување, задолжително е да се опфати и социокултурниот контекст во кој се случува домувањето.

Домот, куќата, станот, односно живелиштето е нераскинливо поврзан медиум помеѓу човекот и природата. Човекот, за да се заштити од природните непогоди, најпрво почнува да пронаоѓа засолништа во природата, како пештери на пример, а потоа почнува и самиот да гради живеалиште, населба, град. Петар Муличковски објаснува дека комплексноста на концептот на животната средина ги опфаќа концептите на хабитат (живеалиште) и хабитабилност (живеење). Терминот хабитат (живеалиште) се однесува на статичната просторна и егзистенцијална средина, додека поимот хабитабилност, како поширок и поразвиен поим, претставува динамичен концепт на животната средина. Хабитабилност е резултат на создадена симбиоза помеѓу природните фактори и производите на свесна човекова активност, што подразбира дека е и временски одредена, односно претставува историска категорија. Во определени временски периоди (историски интервали), се формирале одделни специфични карактеристики на одредено живеалиште – хабитат[1].

Анализирајќи ја вернакуларната архитектура и нејзиното социо-културолошки контекст и современите градови во современиот социокултурен контекст, може да се пронајдат архитектонски принципи кои се повторуваат, опстојуваат и би биле применливи во иднината. Реобмислувањето на домот и неговиот околен контекст низ призма на предизвиците со кои е можно да се соочи човештвото во иднината е повеќе од потребно.

1 Муличкоски, П. (2002). Духот на македонската куќа. Скопје: АЕА издавачи.

1. Моментален контекст

Светската популација се зголемува и сè поголем дел од населението претпочита да живее во град[2]. Ваквиот притисок што населението го прави врз градот создава многу проблеми и укажува дека животот во градот мора да се реобмисли, со цел да може да се постигнат достоинствени услови за урбан живот за сите граѓани. Градовите сè повеќе се соочуваат со проблеми како: пренаселеност и нефункционални инфраструктури поради пренаселеноста; загадување: воздушно, звучно, светлинско; премногу отпад и лошо менаџирање со него; сообраќаен метеж и нефункционалност; намалено зеленило; неквалитетна продукција на станови и уште многу проблеми кои предизвикуваат урбан стрес кај граѓаните и го намалуваат квалитетот на животот. Урбаниот стрес или градскиот стрес е состојба на телесна или ментална напнатост развиена преку животот во град или поради физички, хемиски или емоционални фактори што ја предизвикуваат таа напнатост[3]. Паралелно со проблемите со кои се соочуваат градовите поради зголемувањето на населението се појавуваат и проблемите поврзани со климатските промени и кои укажуваат на итната потреба градовите да се планираат на отпорен, зелен и одржлив начини. Сите овие проблеми се меѓусебно поврзани и еден од клучните аспекти за нивното решавање е токму домувањето, бидејќи станот, т.е. домот, е основна единица во населеното место од многу аспекти: економски, културолошки, социолошки, просторни...

Таи Ли Шанг и Валери Анг (Tai Lee Siang, Valerie Ang) укажуваат на три главни проблеми со кои би се соочиле во иднина и кои се поттикнати од урбаната миграција. Тоа се: недостатокот на квалитетно домување, недостатокот на инфраструктура и уништувањето на природата[4].

1. Недостаток на квалитетно домување: Иако градовите се сметаат за привлечни места кои овозможуваат квалитетен живот, сепак, зголемената урбана миграција го прави токму спротивното. Зголемената густина и малата површина за развој на станбените единици подразбира скапо домување, често неквалитетно и премногу мало за семејството. Дел од последиците од приливот на население во градовите се:
    - Несоодветно домување и инфраструктура.
    - Брза појава на сиромашни квартови (сламови и фавели).
    - Зголемени трошоци за земјиште.
    - Агентите на недвижности, преку продажба на мали единици, го зголемуваат придонесот.
    - Ескалација на цените на имотот.
    - Недостаток на квалитетно (соодветно) домување и недостапно (непристапно) домување.

    Сите овие причини придонесуваат за појава на неодговорен урбанизам и лошо одржување на објектите за домување, кое предизвикува внатрешно или надворешно опаѓање на зградите[5]. Ваквиот неодговорен урбанизам предизвикува лош квалитет на живот со здравствени ризици за граѓаните и намалена безбедност во градот.
2. Недостаток на инфраструктура: Често се зборува како градовите ги исполнуваат

2 World Bank Group (2023). Urban Development. [online] World Bank Group. Available at: https://www.worldbank.org/en/topic/urbandevelopment/overview.

3 European Environment Agency (n.d.). urban stress — European Environment Agency. [online] www.eea.europa.eu. Available at: https://www.eea.europa.eu/help/glossary/gemet-environmental-thesaurus/urban-stress.

4 Lee Siang Tai and Ang, V. (2016). Cities of Love. World Scientific. p.21

5 Lee Siang Tai and Ang, V. (2016). Cities of Love. World Scientific. p.23

сите потреби на граѓаните, но многу градови не ги задоволуваат ни основите услови, а тоа се:

- Чиста вода и канализација.
- Јавен превоз.
- Образование
- Здравје и безбедност.

Според Обединитетите нации, приближно 1,1 милијарда луѓе моментално живеат во сиромашни квартови или услови слични на сиромашните квартови во градовите, а уште 2 милијарди повеќе се очекуваат во следните 30 години[6].

Со растот на градот, често пати, не се развива паралелно и неговата инфраструктура. Лошиот транспортен систем предизвикува зголемување на бројот на автомобили и сообраќаен метеж, кој, пак, го зголемува времето кое граѓаните го минуваат во автомобил и го намалува квалитетот на животот. Лошиот сообраќај предизвикува и несоодветна урбана средина за деца. Овој проблем особено се поврзува со транспортот помеѓу домот, училиштето и работното место на родителот. Цените се пониски во предградијата, а училиштата најчесто се одбираат во близина на домот, и во овој случај родителите секојдневно мора дополнително да патуваат до работното место, што предизвикува засилен сообраќаен хаос. Деловните центри, кои често се во центарот на градот, се активни само во работните часови, додека во остатокот од времето голем дел од грѓаните патуваат до своите домови во предградијата, па овие деловни центри се релативно напуштени. Ваквата појава на повеќечасовни неактивни простори поттикнува криминал, пороци и девијантни појави[7].

3. Уништување на природата: Дали градовите и природата меѓусебно се исклучуваат и се независни еден од друг? Додека под град се подразбира изграден блок, природата во него се смета само како улична декорација или украсен простор. Земјиштето носи профит, а секоја негова неискористеност претставува загуба. Токму поради тоа, градежништвото има приоритет наспроти зелениот простор во градот. Ова има огромни негативни последици врз квалитетот на животот и здравјето на граѓаните[8]. Дел од придобивките на природата и зеленилото во градовите се:

- намален ризик од поплави;
- разладување на градот во лето;
- подобро здравје и зголемена благосостојба;
- спорт, рекреација и социјализација;
- привлечна бизнис-атмосфера;
- зголемена вредност на недвижности;
- биолошка разновидност[9].

Спротивно на ова, градовите кои немаат доволно зелени површини имаат повисока стапка на смртност и улични злосторства. Растејќи без правилна рамнотежа на изградена средина и природа, постои ризик дека градовите ќе служат за бришење на поголеми делови од природните добра[10].

6 United Nations (2024). SDG Indicators. [online] unstats.un.org. Available at: https://unstats.un.org/sdgs/report/2023/Goal-11/.

7 Lee Siang Tai and Ang, V. (2016). Cities of Love. World Scientific. p.24

8 Lee Siang Tai and Ang, V. (2016). Cities of Love. World Scientific. p.29

9 Град, 3. (n.d.). УРБАНОТО ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДОТ И АРХИТЕКТУРАТА. [online] Available at: https://ekosvest.com.mk/wp-content/uploads/2024/02/%D0%97%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4-%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%98%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf [Accessed 25 Feb. 2025].

10 Lee Siang Tai and Ang, V. (2016). Cities of Love. World Scientific. p.29

2. Локален контекст

Во Република Северна Македонија, според пописот од 2021 година, живеат 1 836 713 граѓани, има 598 632 домаќинства и 839 174 станови, со просечен број на членови на домаќинството 3.06[11]. Од нив, Скопје има 526 502 жители, 171 171 домаќинства и 213 850 станови. Според пописот од 2002 година, Скопје има 506 926 жители, 146 566 домаќинства и 163 745 станови[12]. Споредбено со пописот од 2002 година, на ниво на целата држава, вкупното население е намалено за 185 834 лица, или за 9.2 %, додека бројот на домаќинствата е зголемен за 34 336, или за 6.1 %, а бројот на станови е зголемен за 141 031, или за 20.2 %.

Просечната станбена површина (од становите населени со индивидуални домаќинства) е 19.7 м2 во 2002, додека во 2021, просечната станбена површина по лице е 30.06 м2. Карактеристично е тоа што 96 % од домаќинствата живеат во стан што е во сопственост на член на домаќинството. Дури 36.61 % од вкупниот број на станови се празни[13].

Попис 2002[14]	Вкупно население	Домаќинства	Станови	Попис 2021	Население	Домаќинства	Станови
Република Македонија	547 022 2	296 564	143 698	Република Северна Македонија	713 836 1	632 598	174 839
Скопје	926 506	566 146	745 163	Скопје	502 526	171 171	850 213
Битола	385 95	942 28	225 37	Битола	164 85	154 30	724 43
Велес	108 55	959 16	717 20	Велес	463 48	566 16	630 18
Гевгелија	988 22	221 7	292 9	Гевгелија	582 21	386 8	833 10
Гостивар	042 81	091 18	339 20	Гостивар	770 59	054 20	945 27
Кавадарци	741 38	026 12	324 16	Кавадарци	733 35	375 12	917 14
Охрид	749 55	012 16	437 28	Охрид	428 51	368 18	660 33
Струмица	676 54	896 15	473 18	Струмица	995 49	400 17	621 24
Тетово	580 86	094 20	592 22	Тетово	770 84	848 23	167 30

Табела 1: Споредбена табела на градовите Скопје, Битола, Белес, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Охрид, Струмица и Тетово на бројот на населението, домаќинствата и становите во пописите од 2002 и 2021 година.

Ваквата статистика укажува на иселување на граѓаните од помалите места и градови во државата и населување во главниот град или иселување од државата. Тоа што е видливо и алармантно за анализа е зголемувањето на бројот на станови, наспроти намалувањето на бројот на домаќинства, односно хиперпродукција на станбен простор. Побарувањето на станбен простор во главниот град расте, а

11 Anon, (n.d.). Available at: https://popis2021.stat.gov.mk/%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8/%D0%92%D0%BA%D1%83%D0%BF%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%BD%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%A0%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%A1%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%BD%D0%B5%D1%81%D1%83%D0%B2%D0%B0-1-836-713-%D0%B6%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8/.

12 REPUBLIKA MAKEDONIJA DR@AVEN ZAVOD ZA STATISTIKA REPUBLIC OF MACEDONIA STATE STATISTICAL OFFICE. (n.d.). Available at: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf.

13 Anon, (n.d.). Available at: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/Statistichki-atlas-mk-al-web.pdf.

14 PxWeb. (2025). Вкупно население, домаќинства и станови во Република Македонија, Попис 2002-PxWeb. [online] Available at: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__PopisNaNaselenie__PopisOpstini/01Popis_op_02_VkNasDomSt_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=0115c726-da76-47a3-9d6b-7edab015cb08 [Accessed 25 Feb. 2025].

со зголемување на побарувачката на станови, се гради сè побрзо и повеќе и се занемаруваат просторните, амбиентните и архитектонските вредности на домот/соседството/градот кои гарантираат квалитет на животот. Со зголемувањето на градењето домови во урбаната населба се појавува потреба и од градење околни сервиси, како улици, болници, канцеларии, училишта, градинки, маркети и сл. Ваквото градење подразбира раст на урбаните населби и создавање нови предградија. Зголемување на густината се случува на три начини:

1. Во слободните површини во рамките на градот и населбата на сметка на слободните површини, и први на удар се слободните зелени површини.

2. Со зголемување на катноста на објектите преку надградбите и доградбите кои ја зголемуваат густината и ја оптеретуваат градската инфраструктура. Ова подразбира појавување потреба од проширување на улиците и градење дополнителни паркинг-простори и сервисни објекти. Ваквата интервенција често се случува на сметка на дрворедите поставени покрај улиците, со цел да се добие уште една коловозна лента или да се добие дополнителен паркинг-простор. Исто така, создавањето сè повисоки објекти во несоодветен градски контекст значи намалување на воздушното струење, намалена сончева светлина, што директно влијае врз квалитетот на животот и на квалитетот на становите и ги загрозува основните човекови права како правото на здрава животна средина.


3. Со проширување на градот преку предградија на слободното земјиште на сметка на одземање земјоделско земјиште или намалување на земјиштето од природата, како ливади, шуми и пасишта. Со намалување на природата во градовите и околу нив, сè повеќе се чувствува негативното влијание на климатските промени во урбаното живеење и се загрозува здравјето на граѓаните преку нивното изолирање од природниот екосистем. Дополнителни проблеми што се појавуваат се: загаден воздух, светлинско и визуелно загадување, бучава или звучно загадување, сообраќаен застој и метеж, урбан стрес, намалување на севкупниот квалитет на животот што придонесува до намалување на благосостојбата кај граѓаните и потенцијален ризик од намалена здравствена состојба и намалени можности за правилен раст и развој на индивидуалецот. Оптеретената градска инфраструктура предизвикува и намалена демократија, ризик од криминал и девијантни појави, слабеење на социјалната кохезија и слабеење на заедниците, намалена инклузивност, конфузија, проблеми со идентитетот, маргинирализираност на одредени категории на граѓани, сиромаштија, намалена култура и образование, односно послаб пристап до сите градски услуги[15].

15 Град, З. (n.d.). УРБАНОТО ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДОТ И АРХИТЕКТУРАТА. [online] Available at: https://ekosvest.com.mk/wp-content/uploads/2024/02/%D0%97%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4-%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%98%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf. p.9-10

Главниот град Скопје се соочува со урбанистички хаос кој се чувствува во сите сфери на урбаниот живот. Како град кој има богато историско минато, Скопје има различни слоеви кои ги одразуваат морфолошките, урбнистичките и социокултурните вредности на општествата кои постоеле во него. Од римска касарна, средновековна тврдина, османлиски град, прераснува во град кој се стреми да се развива според принципите на западноевропските вредности и еклектика во првата половина на 20 век. Во 1963 година, по катастрофалниот земјотрес, Скопје се гради одново, според принципите на модернизмот. Како слоеви од минатото остануваат дел скопските маала, кои се сочинети од градски куќи со дворови. Раселеното бездомно население, т.е. оние чии домови се срушиле во земјотресот, се сместува(ат) во привремени и брзо изградени бараки, кои прераснуваат во градски населби. Новоизградениот станбен фонд е сочинет од кули и станбени блокови, кои дотогаш не се многу карактеристични за градот и создаваат нов стил на живот.

По распадот на СФРЈ, се случува приватизација, денационализација и промена на вредносниот систем во земјата. Капитализмот, приватизацијата, неолиберализмот и глобализацијата создаваат нов градски слој на домови, т.е. хиперпродукција на станбен простор. Скопските маала со куќи со дворови стануваат парцели на кои инвеститорите градат повеќекатници, додека сопствениците на куќата добиваат станови во замена за земјиштето дадено на инвеститор. На место каде што имало една куќа во која живееле едно или две семејства, сега има зграда со 10 станови/семејства (на пример). Густината е зголемена за неколкупати, но јавниот простор, улиците и околната инфраструктура остануваат исти[16]. Зеленилото во населбата кое го сочинувале дворовите на куќите сега е поплочена или бетонирана површина наменета за и онака веќе дефицитарниот паркинг-простор. Слободниот простор во градот, кој претставува државно земјиште, општината го продава на ивеститори кои градат станбена зграда, деловен центар или затворен трговски центар, со цел да се има што поголем профит. На овој начин, општината се стекнува со еднократни парични средства, а просторот кој можел да биде парк, училиште, градинка е отуѓен и изграден со цел да донесе профит, но не и да придонесе кон општото добро. Со бараките се случува слична ситуација, на нивно место се градат повеќекатници. На слободното земјиште во предградијата исто така се градат станбени објекти. Паралелно со ова, веќе постоечкиот станбен фонд се смета за застарен и тежок за одржување, па градот изобилува со стари станови кои граѓаните ги избегнуваат, бидејќи не сакаат да вложат во реновирање. Новите станови се сметаат за попривлечни, иако голем дел од нив немаат соодветна околна инфраструктура и имаат дискутабилни внатрешни и надворешни архитектонски и просторни вредности.

16 Борче Крстевски and Владимир Калински (2024). Урбанизација на Скопје во последните 20 години – Многу згради, тесни улици, малку паркинзи и зеленило. [online] Радио Слободна Европа. Available at: https://www.slobodnaevropa.mk/a/urbanizacija-na-skopje---mnogu-zgradi-tesni-ulici-malku-parkinzi-i-zelenilo-/32797841.html [Accessed 17 Mar. 2025].






Слика 1, 2: Фотографија од градилиште на ул. „Дане Крапчев“
во скопско Дебар Маало, март, 2025 година.


На фотографиите се забележува тесната улица првично наменета за куќи со дворови и слоевите на сè повисоко изградените станбени згради кои ги попречуваат основните услови за живот, како погледот, светлината, воздушните струења, осончаноста и сл. Фотографии на Ива Петрунова.

Како последица на ваквиот однос кон станбениот простор и просторот воопшто, квалитетот на животот во градот се намалува. Јавниот простор станува сè помал, многу оптеретен, неквалитетен и не може да ги задоволи потребите на големиот број станари. Градот е претворен во градилиште, граѓаните се изложени за звучно, светлинско и воздушно загадување и урбанистички хаос. Според Извештајот за квалитетот на животот во европските градови во 2023 година (Report on the quality of life in European cities, 2023) на Европската комисија, Скопје е на дното по најголемиот дел од параметрите. Овој Извештај покажува дека во Скопје има звучно и воздушно загадување, лош јавен превоз и граѓаните генерално се движат со автомобили, недостаток на зелени јавни простори и јавни простори воопшто, постои корупција во институциите, лоша е пешачката инфраструктура..., но може да се најде добро домување за пристојна цена[17].

17 (2023). Report on the quality of life in European cities, 2023. Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2023
Anon, (n.d.). Available at: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf



Мапа 1: Граѓани задоволни со животот во градот. Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf (p.16)



Мапа 12: Граѓани задоволни од зелениот простор во градот. Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf p.8

Top 10 (highest score first)		Bottom 10 (lowest score first)	
City	Score	City	Score
Białystok (PL)	62 %	Rome (IT)	3 %
Gdańsk (PL)	60 %	Skopje (MK)	13 %
Cluj-Napoca (RO)	59 %	Bologna (IT)	14 %
Vilnius (LT)	56 %	Stockholm (SE)	15 %
Ostrava (CZ)	55 %	Munich (DE)	15 %
Kraków (PL)	53 %	Barcelona (ES)	16 %
Tallinn (EE)	53 %	Turin (IT)	16 %
Sofia (BG)	52 %	Malmö (SE)	17 %
Warsaw (PL)	46 %	Dortmund (DE)	17 %
Antalya (TR)	45 %	Berlin (DE)	18 %

Табела 2: Граѓани кои сметаат дека квалитетот на животот во градот се зголемил во споредба со оној пред 5 години, највисоки и најниски проценти Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf p.23





График 22: Граѓани кои се согласуваат дека е лесно да се најде добро домување по резумна цена во нивниот град, по град. Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf p.51

Top 10 (highest score first)	
City	Score
Zürich (CH)	89 %
Helsinki (FI)	88 %
Rostock (DE)	88 %
Aalborg (DK)	87 %
Oulu (FI)	85 %
Groningen (NL)	85 %
Białystok (PL)	85 %
Reykjavik (IS)	83 %
Leipzig (DE)	83 %
Dublin (IE)	82 %

Bottom 10 (lowest score first)	
City	Score
Skopje (MK)	12 %
Bucharest (RO)	20 %
Kraków (PL)	22 %
Paris (FR)	26 %
Athens (EL)	28 %
Turin (IT)	29 %
Tirana (AL)	29 %
Rome (IT)	31 %
Belgrade (RS)	33 %
Ostrava (CZ)	33 %

Табела 24: Задоволството на граѓаните од квалитетот на воздухот, најдобрите и најлошите 10 резултати. Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf p.88



Мапа 6: Колку граѓаните се чувствуваат безбедно сами да се движат низ градот ноќно време. Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf p.34




График 28: Граѓани кои користат автомобил во просечен ден, по градови. Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf p.61



График 31: Граѓани кои користат јавен превоз во просечен ден, по град. Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf p.64



График 35: Граѓани кои пешачат во просечен ден, по град. Извор: https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/reports/qol2023/2023_quality_life_european_cities_en.pdf p.69

1. Здравје

Здраво општество во здрав град

СЗО го дефинира здравјето како комплетна физичка, ментална и социјална благосостојба, а не само како отсуство на болест или слабост. СЗО исто така вели дека да се ужива во највисоките здравствени стандарди е едно од фундаменталните права на секое човечко битие, без разлика на раса, религија, политички уверувања, економски или социјални услови[18].

Низ историјата, здравјето на човекот е многу честа тема, директно поврзана со стремежот за долг живот и за самореализација. Стремежот кон вечноста е видлив преку монументалните објекти градени низ вековите како материјален доказ во просторот.

Сепак, зголемениот животен век како последица на поголемиот животен стандард, понапредниот технолошки и научен развој, не гарантира задолжително и посреќен и поквалитетен живот или подобро здравје. Старата изрека „Во здраво тело – здрав дух“ укажува не само на физичкото здравје, туку и на психичката и духовната состојба кај граѓанинот, а градовите треба да гарантираат просторна организација која го овозможува, го поттикнува и го унапредува здравиот живот кај граѓаните.

Уште во Античка Грција среќаваме типологија на јавни објекти чија главна улога е да се грижат, директно или индиректно, за здравјето на граѓаните. Гимназиумите се објект што се среќава во античките грчки и римски градови и укажува на културата на здравјето и на правилниот раст и развој и грижа за телото[19]. Културата на градските бањи, која е каратеристична за римското општество и за нивната култура на живот, продолжува да живее и во османлиските градови. Карактеристично за овие градови е што имаат ансамбл од три општествени објекти во чаршијата – џамија, ан и амам. Преку ова може да се забележи дека еден од најважните аспекти во градскиот живот е духовниот живот, односно одењето во џамија, хигиената и здравјето, одењето во амам и одморот, односно ноќевањето во ан по напорниот работен ден. Овие три аспекти – духовното здравје, хигиената и одморот, ја чинат секојдневна грижа на индивидуата за себе, што е овозможено во градот.

Низ урбаната историја има многу примери за појавување заразни болести и пандемии и воведување различни мерки од градските власти за нивно надминување со нови и подобри стандарди за здравјето на граѓаните и за животот во градот. Општествените објекти поврзани со здравјето и потребата за нив произлегуваат директно од развојот на технолгијата и науката и културолошкиот развој.

18 World Health Organization (2025). Constitution of the World Health Organization. [online] World Health Organization. Available at: https://www.who.int/about/governance/constitution.

19 Innovation, K. (n.d.). The Large Palestra (Palestra Grande) - Planet Pompeii. [online] www.planetpompeii.com. Available at: https://www.planetpompeii.com/en/map/the-large-palestra.html.

Индустрискиот град, како последица од индустриската револуција, ги изобличува сите вредносни и морални норми и во просторот и во човекот и е фокусиран само врз работа и профит како носечки вредности. Траумите од последиците од ваквиот стил на живот се одразуваат во модернизмот, каде што градот се зонира на простор за домување, работа, рекреација и транспорт. Ваквите модерни концепти кои изобилуваат со празни зелени површини, наспроти станбените кули и блокови и монументалните општествени објекти, се критикуваат поради неодржливите бетонски и зелни површини кои не влијаат добро врз менталното здравје кај граѓанинот и се плодна почва за различни девијантни појави поради недостигот на антропоморфност, густина, близина и сл.

Според СЗО, здравиот град претставува свесен стремеж кон подобрување на здравјето кај граѓаните. Тој постојано ги создава и ги подобрува своите физички и социјални средини и ги проширува ресурсите на заедницата кои им овозможуваат на граѓаните меѓусебно да се поддржуваат во извршувањето на сите функции на животот и да го развиваат својот максимален потенцијал.

Здравите градови го ангажираат целото општество, охрабрувајќи го учеството на сите заедници во потрагата по мир и просперитет. Тие се стремат кон промени на подобро, справувајќи се со нееднаквостите и промовирајќи добро владеење и лидерство за здравје и благосостојба. Во нив се вреднуваат иновациите, споделувањето знаење и здравствената дипломатија. Моделот на здрав град на СЗО се фокусира врз следните аспекти: граѓаните, партиципативност (учество), просперитет, планета, место (простор) и мир[20].

1. Фокусот врз граѓаните е преку: инвестирањето во човечки и социјален капитал како стратешки пристап за урбан развој; промовирање инклузија, интеграција и недискриминација; градење доверба, издржливост и фокусирање врз етиката и вредностите.
2. Учество на заедницата во одлуките се покажува преку: подобрени градски простори и услуги, врз основа на потребите и средствата во заедниците; посилна одговорност и управување за здравјето и благосостојбата; овластени и отпорни популации; зголемена сопственост над индивидуалното здравје и благосостојба.
3. Просперитет на заедницата значи прогресивни мерки на општествениот напредок; инвестиции во циркуларната економија; универзална минимална социјална заштита.
4. Грижата за планетата се покажува преку: пристапност на целиот град кон здравје и благосостојба; кохерентност меѓу нивоата на управување во пристапот кон здравјето и благосостојбата; зајакнување на градската здравствена дипломатија.
5. Акцентот врз важноста на просторот е преку: преминување од пристап заснован врз

20 People, participation, prosperity, planet, place, peace
World Health Organisation (2024). What Is a Healthy City. [online] www.who.int. Available at: https://www.who.int/europe/groups/who-european-healthy-cities-network/what-is-a-health-city.

потреби кон пристап заснован врз средства; урбан развој и планирање насочени кон човекот; интегрирање на здравствената еднаквост и одржливост во урбаниот развој и планирање; зголемена инклузивност во користењето и управувањето со заедничките простори.

6. Мирот значи институции, системи на управување и архитектура кои даваат приоритет на социјалната правда и инклузивното учество; промовирање на културните норми на инклузија и правичност, неексплоататативен еднаков пристап; формално владеење и општествени норми кои се справуваат со корупцијата, дискриминацијата и сите форми на насилство.

Еден од клучните аспекти за решавањето на кризата во градот е соодветно планирано и проектирано домување со сите потребни општествени објекти[21].

Важно е да се напомене дека здрав град претставува град во кој секојдневниот живот на граѓаните е изложен на што е можно помалку урбан стрес. Ваквиот град има соодветна инфраструктура која поддржува здрави навики кај граѓаните. Како пример може се земе град кој има одличен јавен превоз и одлични пешачки патеки и јавни простори. Јавниот превоз го намалува хаосот, метежот, стресот кај граѓаните за лесно движење и пристигнување во точното време, ги намалува звучното, светлинското и воздушното загадување. Намалениот број на возила ги ослободуваат улиците и јавниот простор за пешаците, кој има можност да се уреди и да се развие на хуман начин според потребите на граѓаните. Вака уреденият јавен простор го поттикнува пешачкото движење кај граѓаните, кое има голем број на здравствени придобивки, особено ако во тој јавен простор е застапено зеленило. Притоа, ваквиот дизајн на просторот предизвикува задржување на јавниот простор, при што се отвора можноста за остварување средби и размена на идеи кај граѓаните[22]. Ваквите средби ја зајакнуваат социјалната кохезија и демократијата и поттикнуваат дружење кое има огромни позитивни ефекти врз менталното здравје кај граѓаните. Секако, во сето ова клучна улога има домот, бидејќи сите останати инфраструктури, како јавниот превоз, пешачките патеки, зеленилото, се планираат во однос на домувањето, како клучна намена за формирање на населба. Стандардот за домување има огромна улога во целата заедница и придонесува кон нејзиниот просперитет. Според UN-Habitat, влијанието на домувањето врз благосостојбата на граѓаните подразбира: физичко здравје кое, во соодветни услови за домување, не е загрозено; ментално здравје и учество на жителите во планирањето и унапредувањето на домот; сигурност и безбедност во домот од природни и општествени ризици; стабилен дом кој овозможува стабилно образование кај децата и економска стабилност како последица на стабилниот дом и на стабилното образование и можноста за инвестиции[23].

21 World Health Organisation (2024). What Is a Healthy City. [online] www.who.int. Available at: https://www.who.int/europe/groups/who-european-healthy-cities-network/what-is-a-health-city.

22 Јан Гел зборува за неколку типа активности кои се случуваат на јавен простор во зависност од тоа колку е физички соодветен просторот. Физичката околина е еден од факторите кои влијаат врз активностите на многу различни начини. Има три вида надворешни активности кои се случуваат на јавниот простор: неопходни активности, опционални активности и социјални активности. Секоја од овие активности има потреба од специфичен физички простор. Социјалните активности се случуваат спонтано, како резултат на луѓе кои се движат и се во ист простор. Ова значи дека социјалните активности индиректно зависат од тоа дали и колку е добар просторот за да се случуваат неопходните и опционалните активности. Карактерот на социјалните активности зависи од контекстот во којшто тие се случуваат, луѓето се познаваат бидејќи често се гледаат едни со други.
Gehl, Jan (2011). Life between buildings: using public space. Island Press: Washington. P.9-13

23 UN-Habitat (2024). Housing | UN-Habitat. [online] unhabitat.org. Available at: https://unhabitat.org/topic/housing.



Инфографик: Влијанието на домувањето врз благосостојбата

Здрав дом за здрави граѓани

Домувањето станува сè поважно за јавното здравје поради демографските и климатските промени, особено ако се земе предвид урбаниот раст, сè повозрасната популација и климатските промени. Бројот на лица на возраст над 60 години, кои поминуваат поголем дел од своето време дома, ќе се удвои до 2050 година[24]. Променливите временски модели поврзани со климатските промени ја акцентираат важноста на домувањето со цел да обезбеди заштита од студ, топлина и екстремни временски услови[25].

Во Водичот за домување и здравје на СЗО, здравото домување е дефинирано засолниште кое поддржува состојба на целосна физичка, ментална и социјална благосостојба. Здравото домување се однесува и на физичката структура на живеалиштето и степенот до кој таа овозможува физичко здравје. Ова подразбира дом со здрава конструкција кој обезбедува засолниште од природните елементи, без влага, со соодветна температура, санитација и осветлување, доволен простор, безбедно гориво или поврзување со електрична енергија и заштитува од загадувачи, опасности од повреди, мувла и штетници. Здравото домување обезбедува и чувство на дом, на припадност, безбедност и приватност. Дали домувањето е здраво зависи и од надворешните фактори, како што е локалната заедница, која овозможува социјални интеракции кои го поддржуваат здравјето и благосостојбата. Здравото домување се потпира на непосредната околина за домување и степенот до којшто таа обезбедува пристап на услуги и сервиси, зелени површини и опции за јавен превоз, заштита од отпад, загадување и ризици од катастрофи, без разлика дали се природни или вештачки[26],[27].

24 WHO (2015). World report on ageing and health. Geneva: World Health Organization.

25 WHO (2018). WHO HOUSING AND HEALTH GUIDELINES. [online] Available at: https://iris.who.int/bitstream/handle/10665/276001/9789241550376-eng.pdf?sequence=1.p.3

26 Bonnefoy, X., Braubach, M., Davidson, M. and Robbel, N. (2007). A pan-European housing and health survey: description and evaluation of methods and approaches. International Journal of Environment and Pollution, 30(3/4), p.363. doi:https://doi.org/10.1504/ijep.2007.014816.
(Bonnefoy X. Inadequate housing and health: an overview. International Journal of Environment & Pollution. 2007;30(3-4):411–29)

27 WHO (2018). WHO HOUSING AND HEALTH GUIDELINES. [online] Available at: https://iris.who.int/bitstream/handle/10665/276001/9789241550376-eng.pdf?sequence=1. p.2

Несоодветното домување носи низа проблеми, како: неправилен психофизички развој кај индивуалецот, особено доколку станува збор за деца; ризик од сиромаштија; потенцијал за развој на криминални и девијантни појави; ризик од болести; социјална изолација...

Според СЗО, несоодветното домување е поврзано со широк спектар на здравствени состојби, како што се респираторни заболувања, вклучувајќи астма, кардиоваскуларни заболувања, повреди, ментално здравје и заразни болести, вклучувајќи туберкулоза, грип и дијареа. Препораките за здрав дом подразбираат: да не се користат штетни и токсични градежни материјали, да има достапна вода за хигиена и санитарија, да нема внатрешно воздушно и звучно загадување, да има добра изолација за контрола на температурата во дома, да постои пристапност за лица со попреченост, да се внимава на потенцијалните домашни начини за повреда и во домот да живеат жители соодветно на квадратурата на просторот, т.е. домот да не биде пренаселен[28].



Инфографик: Како домувањето може да ги подобри здравјето и благосостојбата.
Извор: https://www.who.int/multi-media/details/housing-can-imrpove-health

Има значајни придобивки од интервенциите за подобрување на условите за домување. Поставувањето ефикасна и безбедна топлинска изолација може да ги подобри внатрешните температури кои го поддржуваат здравјето, а истовремено ги намалуваат трошоците за енергија и емисиите на јаглерод. Подобрените услови за домување можат да спасат животи, да ги намалат болестите, да го зголемат квалитетот на животот, да ја намалат сиромаштијата, да помогнат во ублажувањето на климатските промени и да придонесат за постигнување голем број цели за одржлив развој[29].

28 Who.int. (2020). Multimedia item. [online] Available at: https://www.who.int/multi-media/details/housing-can-imrpove-health [Accessed 25 Feb. 2025].

29 World Health Organization (2018). Housing impacts health: New WHO guidelines on housing and health. [online] www.who.int. Available at: https://www.who.int/news/item/26-11-2018-housing-impacts-health-new-who-guidelines-on-housing-and-health.

Домот претставува засолниште за секој човек, место каде што тој би требало да се чувствува безбеден, опуштен и да има чувство на припадност. Ваквите чувства се многу важни за индивидуата да може да ги оствари своите потенцијали и да биде корисен член на општеството. Без ваквото чувство на безбедност и сигурност во домот, често се случува психофизичка нарушеност која понатаму се одразува и во општественото делување. Дополнително, важно е домот да се гледа како единица од поголема целина. За здрав дом, неопходно е да се има и здраво опкружување кои би ги задоволило сите психофизички потреби на граѓаниот според поставените стандарди. Важно е да се разбере дека кога се зборува за здрави домови и градови – тоа е рефлекција на културата, вредностите и политиките на едно општество, и тие вредности кои се случуваат на јавниот простор во градот во голем дел се применуваат и во домот. Токму поради ова, домови кои поддржуваат здрав начин на живот создаваат и здрав град со граѓани кои можат да ги исполнат своите потенцијали во општеството.

2. Безбедност

Дом, основна единица за безбеден град

Домот како основен елемент од кој е изграден градот има огромно влијание врз безбедноста на граѓаните, иако тоа не секогаш било земено предвид. Генерално, архитектонската историја е фокусирана врз објектите од општествена важност, со мало внимание за објектите за домување на обичниот граѓанин. Зачуваните објекти се од културно-историско значење, монументални споменици, верски објекти, плоштади, дворци, замоци, палати, кои покрај домувањето, имале и политичка функција во одреден временски период[30]. Куќите на обичните граѓани се граделе од посиромашни материјали и често претставувале места без големи стандарди на достоинствен живот. Со ограничените ресурси на обичниот граѓанин се развива вернакуларната архитектура. Архитектурата без архитекти[31] е создадена од долгорочната традиција на народната мудрост и претставува одржлива архитектура приспособена на географските и културолошките карактеристики на специфичната локација. По индустриската револуција и со модернизмот, се менува и начинот на домување и животот на обичниот граѓанин доаѓа во главен фокус, домувањето станува видлив и важен општествен фактор, а вернакуларната архитектура изумира.

Градовите се соочувале и сè уште се соочуваат со многу непогоди, како што се: војните, елементарните непогоди, пандемии, пожари, револуции, криминал и сл. Новата неофицијална геолошка ера во која сега живееме – антропоцен[32] и човековите огромни промени на планетата предизвикуваат нов и сигурен ризик за човекот, а тоа се климатските промени. Зголемувањето на популацијата и притисокот што се случува врз градовите, проблемите со загадувањето и инфраструктурата, заедно со климатските промени укажуваат на серија безбедносни ризици на кои се најизложени ранливите групи.

30 Rapoport, A. (1969). House form and culture. Englewood Cliffs, Nj: Prentice-Hall.p. 2-3

31 Rudofsky, B. (1965). Architecture without architects : An introduction to non-pedigreed architecture. New York: Museum Of Modern Art ; Garden City, N.Y.

32 National Geographic Society (2023). Anthropocene. [online] education.nationalgeographic.org. Available at: https://education.nationalgeographic.org/resource/anthropocene/.

Еден од клучните наоди во Извештајот за градови „Градови и климатска акција“ 2024 на ОН-Хабитат е дека градовите кои имаа неформално домување и вработување се поранливи од климатските промени[33].

За да се постигне подобар и побезбеден свет, потребно е делување на повеќе општествени аспекти истовремено, односно исполнување на 17-те Цели за одржлив развој од ОН[34]. ЦОР 11 се однесува на одржливи градови и заедници и насоки како градовите и населените места да станат безбедни, отпорни и одржливи. За да се постигне ЦОР 11, фокусот мора да биде врз имплементација на инклузивни, отпорни и одржливи политики и практики за урбан развој кои даваат приоритет на пристапот до основните услуги, достапното домување, ефикасен транспорт и зелените површини за сите[35].

Првата потточка гласи: „До 2030 да се осигури пристап за сите до соодветно, безбедно и достапно домување и основни услуги и надградба на сиромашните квартови.“ Останатите потточки се однесуваат на одржливи транспортни системи, подобрена урбанизација, зачувување на културното и природното наследство, подобрување на водните системи, квалитетот на воздухот и управувањето со отпад, подобрување на јавните и зелените површини, подобрување на врската помеѓу урбаното и руралното, холистичко управување со ризик од катастрофи и зголемено градење со одржливи и локални материјали[36].

Според UN-Habitat, соодветното (адеквантно) домување ги има следниве карактеристики: хабитабилност или простор кој овозможува заштита од природни појави; достапност, т.е. трошоци кои овозможуваат жителот да може да си ги овозможи и останатите основни животни потреби; пристапност кон потребите на сите индивидуи; сигурност и легална заштита од насилно иселување; пристап до основни услуги како чиста вода, санитарии, електрична енергија, превоз, урбани сервиси[37].

33 UN Habitat (2022). World Cities Report 2022. [online] unhabitat.org. Available at: https://unhabitat.org/wcr/.

34 northmacedonia.un.org. (n.d.). Цели за одржлив развој | United Nations in Северна Македонија. [online] Available at: https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs.

35 United Nations (2024). SDG Indicators. [online] unstats.un.org. Available at: https://unstats.un.org/sdgs/report/2023/Goal-11/.

36 northmacedonia.un.org. (n.d.). Sustainable Development Goal 11: Одржливи градови и заедници | United Nations in Северна Македонија. [online] Available at: https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs/11.

37 UN-Habitat (2024). Housing | UN-Habitat. [online] unhabitat.org. Available at: https://unhabitat.org/topic/housing.



Инфографик: Што е соодветно (адекватно) домување?

Од ваквото соодветно домување нема придобивки само домаќинството кое живее во домот, туку позитивниот ефект се проширува врз целата зедница, населба или град. Придобивките кои ги има заедницата се: сигурност и безбедност кои водат до стабилен план за иднината; подобрено здравје и благосостојба како резултат од пристапот до чиста водна, санитарија, електрична енергија и физичка заштита од надворешни непогоди; намалување на нееднаквоста и зголемување на образованието и вработеноста; подобрување на пристапот до можности како вработување и зголемување на приходите38.



Инфографик: Како заедниците имаат корист од соодветното домување?

38 UN-Habitat (2024). Housing | UN-Habitat. [online] unhabitat.org. Available at: https://unhabitat.org/topic/housing.

Ризиците од несоодветно домување

Напроти придобивките од соодветното домување, несоодветното домување носи многу ризици за здравјето и безбедноста на граѓаните, не само кај оние кои живеат во несоодветен дом, туку кај севкупната заедница. Изложеноста и здравствените ризици во домашната средина се од клучно значење за здравјето на граѓаните, особено за оние кои минуваат многу време во својот дом, како децата, постарите лица, невработените и лицата со попреченост или со хронични заболувања. Лошата конструкција или одржување ја зголемуваат веројатноста граѓаните да се лизнат или да паднат и да се повредат. Лошата пристапност до домовите може да ги изложи жители на ризикот од повреда, стрес и изолација. Несигурното или недостапното домување е многу стресно. Домување што е тешко или скапо за загревање може да придонесе за лошо дишење и кардиоваскуларни ризици, исто како и високите внатрешни температури. Загадувањето на воздухот во затворените простории може да предизвика алергии и иритации. Преполно домување го зголемува ризикот од заразни болести и стрес. Несоодветното водоснабдување и несоодветните санитарните објекти влијаат врз безбедноста на храната и личната хигиена. Урбанизмот што ја обесхрабрува физичката активност придонесува за дебелина и поврзани состојби, како што се дијабетес и лошо ментално и кардиоваскуларно здравје. Небезбедни градежни материјали или градежни практики или градење домови на небезбедни локации може да ги изложат луѓето на низа ризици, од повреда до уривање на зградата.

Според UN-Habitat, „домаќинство од сиромашни квартови“ е група поединци под ист покрив, во урбана средина, на кои им недостига едно или повеќе од следново: траен дом (куќа која не заштитува од природните непогоди); доволен простор за живеење; сигурен имотен статус; санитација и инфраструктура; и пристап до подобрени (незагадени) извори на вода. Затоа, жителите на сиромашните квартови се изложени на многу ризици поврзани со домувањето, како што се неисправни станови, несоодветно домување во објектите и пренатрупаноста, но се соочуваат и со посебни здравствени ризици од сиромашни санитарни услови и небезбедни електрични приклучоци, токсични градежни материјали, непроветрени капацитети за готвење и небезбедна инфраструктура и патишта. Покрај тоа, таквите населби понекогаш се на локации за кои е поверојатно жителите да бидат изложени на опасности, како што се лизгање на земјиштето, поплави и индустриско загадување. Во однос на благосостојбата, немањето законско право на домови е стресно и може да ги изложуваат жителите на сиромашните квартови на ризик од присилно иселување[39].

Додека секој може да биде изложен на ризици поврзани со нездравото домување, луѓето со ниски примања и ранливите групи се со поголема веројатност да живеат во несоодветно или несигурно домување, или целосно да им се одбие домувањето[40],[41].

39 WHO (2011). Housing: shared interests in health and development. Geneva: World Health Organization; 2011.

40 WHO (2018). WHO HOUSING AND HEALTH GUIDELINES. [online] Available at: https://iris.who.int/bitstream/handle/10665/276001/9789241550376-eng.pdf?sequence=1. p.2-5

41 Jacobs DE (2011). Environmental health disparities in housing. American Journal of Public Health. 2011;101 Suppl 1:S115–22.

Некои од решенијата за подобрување на домовите во сиромашните и/или неформалните населби подразбираат: подобрување на инфраструктурата за да се подобри животниот стандард; охрабрување на заедницата да се вклучи во планирањето на населбата; сигурност на живеалиштето и легална заштита; достапна конструкција; природни решенија и инкорпорирање зелена инфраструктура[42].



Инфографик: Решенија за домовите во неформалните населби

Одржливо домување – домување отпорно против климатските промени

Според Извештајот за градови „Градови и климатска акција“ 2024 на ОН-Хабибтат, урбанизацијата и населените места се едни од главните фактори за предизвикување емисија на стакленѝчки гасови[43]. Токму затоа, една од главните пораки на овој извештај е дека промовирањето нискојаглероден и одржлив дом со основните услуги нуди големи придобивки за климатска акција. Следствено, при инвестиции во урбаната инфраструктура, треба да се интегрираат климатски размислувања во нивното планирање, имплементација и одржување[44].


Еден од најголемите ризици во градовите за здравјето на граѓаните е загадениот воздух. Тој предизвикува иритација на очите, носот и грлото, болести на белите дробови и пулмомолошки инфекции, главоболки, попреченост во учењето, невролошки проблеми, аксиозност, депресија, зголемен ризик на срцеви удари, намалена плодност, предвремено раѓање, мртвородени и бебиња родени со мала тежина[45].

42 UN-Habitat (2024). Housing | UN-Habitat. [online] unhabitat.org. Available at: https://unhabitat.org/topic/housing.

43 Cities and Climate Action. (n.d.). Available at: https://unhabitat.org/sites/default/files/2024/11/wcr2024_-_full_report.pdf.


44 World Cities Report 2024: Facts & Messages. (n.d.). Available at: https://unhabitat.org/sites/default/files/2024/11/wcr2024_fact_and_key_messages_f.pdf.

45 UN-Habitat (2024). Housing | UN-Habitat. [online] unhabitat.org. Available at: https://unhabitat.org/topic/housing.



Инфографик: Ефектите од загаден воздух

Еден од клучните проблеми, покрај загадувањето во градовите, се и климатските промени. Борбата со климатските промени подразбира и создавање климатски отпорно домување, кое ги има следните карактеристики: дизајн отпорен на невреме; топлинско приспособување; заштита од поплави; акумулација на вода и зелена инфраструктура[46].



Инфографик: Што е климатски отпорно домување?

Најопштата дефиниција за одржливост е трошење на ресурите на начин што би ги оставил и за наредните генерации. Одржливото менаџирање со сите ресурси е клучно за борбата со климатските промени и со ризиците од нив. Ако просторот го гледаме како ограничен ресурс, од клучно значење за иднината е неговото менаџирање. Токму затоа, домувањето мора да биде колку што е можно поодржливо и со следните карактеристики: обновлива енергија; одржливи материјали; акумулација на вода; зелен простор; енергетска ефикасност[47].

46 UN-Habitat (2024). Housing | UN-Habitat. [online] unhabitat.org. Available at: https://unhabitat.org/topic/housing.

47 UN-Habitat (2024). Housing | UN-Habitat. [online] unhabitat.org. Available at: https://unhabitat.org/topic/housing.



Инфографик: Што го прави домувањето одржливо?

Сите овие аспекти на одржливо и климатски отпорно домување придонесуваат кон создавање одржлива и отпорна заедница и одржлива и отпорна градска инфраструктура. Овие аспекти дом – населба (град) – заедница се заемно поврзани, и само така создаваат целосна слика на здрав и безбеден дом/град/заедница. Зелената инфраструктура околу домовите ги прави домовите и поздрави и побезбедни со тоа што ги намалува ризиците од болести и од негативните влијанија на климатските промени. Ова позитивни влијанија врз човековото здравје, особено врз менталното здравје, придонесува и за поголема социјална кохезија која ја прави околината побезбедна и со помала стапка на девијантни и криминални појави. Мобилноста, односно јавниот транспорт и движењето на граѓаните по улиците и јавниот простор, исто така многу придонесува за зголемување на безбедноста во градовите. Концептот на 15-минутен град, односно град во кој сите потребни услуги би биле достапни на 15-минутно пешачко растојание е еден од начините за отпорни и одржливи населби[48]. Јан Гел вели дека колку поголем број на луѓе се движат низ градот, толку е тој побезбеден. Ваквиот град мора да е кохерентен, со куси пешачки делови, атрактивни јавни простори и разновидни урбани функции. Со ова се зголемува чувството на сигурност и многу погледи ги следат случувањата во градот од околните домови[49].

3. Одржливиот дом во република северна македонија, помеѓу легислативата и реалноста

Препознавањето на домот како основно човеково право и основа за просперитет во општеството е клучно за отпорна и одржлива иднина. Во Република Северна Македонија, потребно е итно ревидирање на законите и легислативите со кои би требало да се дефинира и да се управува домувањето. Според Член 1 од Законот за домување, со него се регулира:

Со овој закон се уредуваат видовите на објекти во домувањето, управувањето со станбените згради, односите меѓу сопствениците на посебните делови и трети лица,

48 Grabar, H. (2023). Is the tiny little neighborhood the city of the future? [online] the Guardian. Available at: https://www.theguardian.com/us-news/2023/jan/25/15-minute-city-urban-planning-future-us-cities.

49 Гел, Јан (2017). Градови за луѓе. Скопје: Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија. Стр. 6-7

заедницата на сопствениците, евиденцијата на становите, закупничките односи во домувањето, начинот на управување и одржување на објектите, правата и обврските на Републиката, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во домувањето, инспекцискиот и управниот надзор и други прашања од областа на домувањето.[50]

Со овој закон не се опфатени многу аспекти од домувањето и, генерално, тој е фокусиран врз управувањето со станбени згради.

Во Стратегијата за домување на Република Македонија (2006 – 2011), главната цел е да се постигне долгорочен, стандардизиран и храмоничен развој на домувањето, во согласност со современите стандарди за квалитет на животот. Во овој документ, политиката на домувањето е препознаена како комплексен проблем кој има потреба од мултидимензионален пристап. Исто така, препознаено е дека успешните политики за домување позитивно влијаат врз останатите аспекти на општественото живеење, како социјалниот, економскиот, социолошкиот, здравствениот, психолошкиот, политичкиот, правниот и други. Иако овој документ се повикува на правото на домување и на меѓународните документи[51] и го препознава терминот „урбана сиромаштија“[52], тој е сепак застарен и не нуди стратегии за одржливо домување и заштита од климатските промени.

Во оваа Стратегија се објаснети поимите соодветно и минимално домување:

Поимот соодветно домување подразбира нормирано домување кое општеството го смета за задоволително, односно како стандард на домување кој е дефиниран како општа цел која треба да се оствари во иднина. Тој во себе вклучува поширок спектар на просторни, физички и правни стандарди. Дефинирањето на оваа категорија не се однесува само на површината и опременоста на станбениот простор, туку и на прашања поврзани со правната сигурност во користење на становите, што е суштински поврзано со континуитетот на правниот систем и со станбена политика. Од техничко-технолошки аспект утврдувањето на оваа категорија е важно за регулирање на материјата во актите со кои се уредуваат прашањата поврзани со изградба на нови станови (изградба, одржување и користење).

Согласно со дефиницијата која е преземена од агендата на Хабитат, а е прифатена од Советот на Европа, под поимот адекватно (соодветно) домување не се подразбира само соодветно засолниште и „покрив над глава“ туку, исто така, значи соодветна приватност, соодветен простор, физичка достапност, соодветна безбедност, конструктивна стабилност и трајност, соодветно осветлување, греење и вентилација, соодветна основна инфраструктура, како што е водоснабдувањето, канализација и собирање на отпадот, соодветен квалитет на околината и фактори врзани со здравјето, како и соодветна и пристапна локација во однос на работата и основните услуги. Сите овие елементи би требало да бидат физички и економски достапни.

50 I. ОПШТИ ОДРЕДБИ. (n.d.). Available at: https://dki.gov.mk/wp-content/uploads/2015/01/zakon-za-domuvanje.pdf [Accessed 12 Mar. 2025]. https://www.rkd.gov.mk/sites/default/files/ptv_zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf

51 Политиките од Конференцијата на ОН одржана во Истанбул во 1996 година (HABITAT II), Declaration in cities and other human settlements in the new millennium, јуни 2001, усвоена на Генералното собрание на ОН, Меѓународната конвенција на економски, социјални и културни права, Европската конвенција за човекови права, Ревидираниот Европски општествен договор, Повелбата на Европската Унија за основните права од 2000 година, дефиницијата за адекватно домување, преземена од агендата на HABITAT од Советот на Европа во документот со препораки од мај 2004, Декларацијата за човекова околина и развој од Рио.

52 Ацески, Илија (2003). Човекот и градот. Скопје: Филозофски факултет. Стр. 112

Категоријата минимално домување е рестриктивна во определувањето на нивото на стандардот што општеството го дефинира како најниско ниво на стандарди во домувањето. Имено, тоа ги опфаќа физичките и правните стандарди кои ова ниво треба да ги обезбеди, за да се детерминираат како најмали основни потреби на корисниците[53],[54].

Во Законот за домување, во Член 8, домувањето е дефинирано како минимално и соодветно.

...(2) Минимално домување вклучува задоволување на минимални просторни услови, опременост на станот со основна комунална инфраструктура како што се струја, вода и одвод и сообраќајна поврзаност на станот со населбата, односно градот, како и правната сигурност на поседување или користење на станот.

(3) Соодветно домување освен елементите на минимално домување вклучува соодветна приватност и простор, физичка достапност, безбедност, конструктивна стабилност и трајност, осветлување, греење и вентилација, основна инфраструктура како што се довод, одвод и собирање на смет, квалитет на околината и фактори поврзани со здравјето, како и пристапност во однос на работата и основните услуги[55].

Дел од мерките за намалување на сиромаштијата и на социјалната исклученост го опфаќаат домувањето во Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија (ревидирана 2010 – 2020)[56]. Мерките вклучуваат: комплетирање на инфраструктурата (сообраќајна и комунална) во непланski подигнатите населби, обезбедување урбани услуги и легализација на објектите кои може да се легализираат, задоволувањето на минималните просторни услови, опременоста на станот со основната комунална инфаструктура, струја, вода и канализација и сообраќајната поврзаност на домот со населбата и градот, како и правната сигурност на поседување или користење на станот[57].

Постои Правилник за стандарди и нормативи за проектирање од Министерство за транспорт и врски. Во Член 2, овој Правилник се повикува на:

При архитектонско проектирање на објекти, покрај параметрите утврдени со овој правилник, треба да се користат параметрите утврдени во прирачникот „Архитектонско проектирање“ од Ернст Нојферт[58].

Според Нојферт, домувањето, кое во минатото претставувало просторно реализирање (опросторување) на непосредните човечки основи потреби преку дефинираните (усвоените) просторни модели, во денешното современо општество претставува сложено испреплетување на голем број фактори кои влијаат со различни барања и индивидуални параметри за квалитет. Моделите, концептите и барањата на (потенцијалните) станари наидуваат на градежно-правни прописи, на политички концепти и нивните урбанистички последици (со идеолошки акцент), но

53 Министерство за транспорт и врски. (2006). Стратегија за домување на Република Македонија (2006-2011), предлог-текст. стр.17

54 https://studiorum.org.mk/h2020mkd_upload/upload/Strategija%20za%20domuvanje.pdf стр. 8-9

55 I. ОПШТИ ОДРЕДБИ. (n.d.). Available at: https://dki.gov.mk/wp-content/uploads/2015/01/zakon-za-domuvanje.pdf.

56 https://mtsp.gov.mk/wbstorage/files/revidirana_str_siromastija.pdf

57 https://mtsp.gov.mk/wbstorage/files/revidirana_str_siromastija.pdf

58 https://mtc.gov.mk/media/files/2022/5.%20%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B4%D0%B8%20%D0%B8%20%D0%BD%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5.pdf

и на архитектонските размисли изразени преку диспозицијата (положбата), типот на објектот, пристапот и основата[59].

акони во Република Северна Македонија кои се поврзани со домувањето се Законот за градење[60], Законот за урбанистичко планирање[61] и Правилникот за урбанистичко

Од ова се извлекува заклучпкот дека Република Северна Македонија повеќе години не го препознава и не го актуелизира домувањето и правото на дом како важен фактор во политиките на државата. Потребно е јасно поставување дефиниции и поими за домувањето, усогласување на законите и нова стратегија за домување, која би била во согласност со меѓународните политики за човековите прави, одржливост и борба со климатските промени.

Потребни се усогласени интерсекторски соработки и соработки помеѓу централните и локалните власти и граѓаните. Прв чекор кон создавање соодветно и достапно домување е теренската анализа на состојбата на станбениот фонд во државата. По оваа анализа, потребно е да се направи мапирање на објектите и на нивното сопственишство. Потребно е да се направи класификација на типовите објекти според одржаност, старост и соодветност за живот. Потребна е итна заштита на станбениот фонд кој има културно-историско, просторно, архитектонско и амбиентално значење. Потребно е граѓаните да се охрабрат, да се поттикнат и да се поддржат во политиките на зачувување, користење, реновирање и унапредување на стариот и веќе изграден станбен простор наспроти претпочитање новоизграден станбен простор и поттикнување на хиперпродукцијата на станови. Мора да се воведе рециклирање на станбениот простор и на веќе изградените објекти, со цел да се намали што повеќе неискористениот станбен простор и градењето станови на локации кои би можеле да претставуваат закана за природните екосистеми. За ова можат да се направат различни кампањи, едукација, информирање, субвенции, финансиско олеснување, поволни кредити, упростување на документацијата и сл.

Заедно со анализата и со мапирањето на станбениот фонд во градовите, потребна е итна ревизија на ДУП-овите.

Потребно е, заедно со унапредување на станбениот простор, да се унапредува и инфраструктурата: доволно зеленило, градинки, училишта, паркови, пешачки патеки и велосипедски патеки, достапен и пристапен јавен превоз. Непаралелниот развој на градските населби предизвикува просторна и социјална сегрегација и потенцијален ризик од создавање сиромашни населби. Затоа, важно е градот да се гледа како целина и да се направи стратегија со паралелно делување на повеќе аспекти и нивно просторно поврзување.

Здрав и безбеден дом подразбира широка инфраструктура на градски услуги, сервиси и дејности и дејства кои го вклучуваат целиот општествен систем.

59 Ернест Нојферт (2010). Нојферт: Архитектонско проектирање, 39-то издание, 2009. Скопје: Арс ламина. стр. 147

60 https://www.mtc.gov.mk/media/files/2022/3.%20%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D1%9A%D0%B5%20-%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD.pdf

61 https://www.komoraoai.mk/zakoni_i_propisi/zakoni/urb_novo/2020.02.10_zakon_za_urbanistichko_planiranje.pdf

Кратка биографија на авторот

Ива Петрунова, како архитект, урбан социолог и истражувач, се занимава со истражување на просторните, архитектонските и урбанистичките градски појави и нивната поврзаност со општествениот, социјалниот, еколошкиот и политичкиот контекст. Во 2014 година го брани магистерскиот труд „Тактики на трансформација на станбената структура кон нова колективна форма: Линеарно маало – нова колективна форма за Ново Маало“ на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Во 2019 година, ја брани докторската дисертација насловена „Градот во транзиција – социолошки, социопросторни и архитектонски промени (пример Скопје)“ на Катедрата по социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Своето работно искуство го започнува во 2014 година, во градежна компанија. Од 2015 до 2019 година работи како универзитетски асистент. Од 2016 година активно соработува со граѓански организации и учествува во обуки, форуми, панел-дискусии, итн. Учествува на меѓународни научни конференции, изложби, работилници, семинари. Автор е на научноистражувачки трудови, проекти и публикации.

Катерина Илијовска

1. Вовед и краток осврт на миграциите од руралните во урбаните средини во Македонија и во светот

Според податоците од Државниот завод за статистика, разликите во развојот меѓу регионите во Македонија се повеќе од очигледни и јасно е дека регионалниот развој во државата е далеку од рамномерен. Населението и економските активности се концентрирани во главниот град Скопје, чија инфраструктура не успева да одговори на зголемените потреби на новодојдените жители, а паралелно, се напуштаат руралните средини и се опустошуваат селата и цели региони. Иако владата донесува плански документи за премостување на јазот помеѓу урбаните и руралните области, како и меѓу различните региони (на пример, Стратегијата за регионален развој и Националната развојна стратегија), значителен напредок во оваа област сè уште изостанува, а големите разлики во развојот меѓу осумте плански региони остануваат нерешени[1].

Миграциите од руралните во урбаните средини не се проблем само на нашето поднебје. Во 2008 година, за првпат во историјата, населението во градовите на глобално ниво го надминало населението во руралните средини, како што годината претходно било предвидено дека ќе се случи, од страна на Обединетите нации[2]. Од страна на Комисијата за одржлив развој, руралниот развој за првпат бил разгледан како тема во 1995 година на третата сесија на комисијата, на која било забележано дека и покрај одредени промени, прогресот кон одржливо земјоделство и развој на руралните заедници во многу земји е бавен и загрижувачки. На глобално ниво, градовите користат околу 3 % од земјиштето на Земјата и во нив домуваат околу 57 % од популацијата на светско (2023 год.)[3] и 74 % на европско ниво (2018 год.)[4]. Според истиот документ од 2018 – „Прегледот на светските трендови на урбанизација – Ревизија 2018“, изработен од Обединетите нации, популацијата која живее во градовите во светот се очекува да се зголеми на 70% до 2050 година и до 85% во Европа.

Опаѓањето на популацијата во руралните средини во Европа покажало дека трендот резултира со сè поголема неусогласеност меѓу понудата и побарувачката на добра и услуги, создавајќи тешкотии како за јавниот, така и за приватниот сектор. Како резултат на слабите локални пазари, услугите стануваат недоволно искористени, слабо одржувани и често неисплатливи, што доведува до нивно повлекување. Ова креира еден домино-ефект, па така се затвораат училишта, локалните животни услови и квалитетот на живот се влошуваат, невработеноста расте, а квалификуваната работна сила станува сè поретка, што предизвикува појава на напуштање и застареност

1 https://epi.org.mk/wp-content/uploads/Рамномерен-регионален-развој-во-Република-Северна-Македонија_Причини-за-нерамномерност-и-позитивни-примери-за-развој.pdf

2 https://digitallibrary.un.org/record/3924405?v=pdf

3 https://macrotrends.net/global-metrics/countries/WLD/world/urban-population?utm_source=chatgpt.com

4 https://population.un.org/wup/publications

на населението. Ова дополнително ја намалува атрактивноста на регионите и го забрзува негативниот демографски циклус преку намалување на наталитетот и принудно стареење на преостанатото население[5].

Според последниот попис од 2021, Македонија изгубила 9,2 %, или 185.834 жители од вкупното резидентно население во споредба со пописот од 2002, а истовремено градот Скопје добил 19.576 жители (од 506, 926 на 526,502). Населението во градот Скопје и другите седум скопски општини меѓу двата пописи се има покачено од 578,144 на 607,007 жители што значи дека моментално 33% од населението живее во Скопскиот регион, за разлика од пред 19 години кога таа бројка изнесувала 28,6%. Ова покажува дека Скопскиот регион сè уште е фаворизиран, и истиот после 19 години колку што поминале меѓу двата пописа се уште останува најразвиен и најбогат регион. Бројот на населени места исто така генерално се покачил само во Скопскиот регион и тоа од 142 на 156 од 2005 до 2021, додека во другите региони или останал ист или се покачил за најмногу 3 места[6]. Намалениот број на основни училишта исто така го докажуваат погоре изнесеното. Имено, според Државниот завод за статистика, од 2017 до 2023 се затвориле вкупно 26 основни училишта во сите седум плански региони освен во Скопскиот, каде се отвориле 2 нови училишта. Трендот на преселба од село во град во последниве десетина години е во нагорна линија во споредба со миграцијата од град во село, освен во 2021 кога се преселиле 1770 жители од град во село наспрема 1007 од село во град, најверојатно како резултат на пандемијата Ковид-19[7].

Урбаните и руралните средини може да имаат меѓусебна корист ако се добро осмислени и поврзани за да се одржуваат меѓусебно. Градовите најчесто се поврзуваат со можности за вработување, квалитетно образование, подобро здравство и културно - забавни активности. Од друга страна, селата и руралните средини асоцираат на чист воздух, здрава храна и здрава животна средина.

Целите за одржлив развој (ЦОР) се глобален план усвоен од Обединетите нации во 2015 година, со цел да се обезбеди балансиран економски, социјален и еколошки развој до 2030 година. Со седумнаесетте цели се дефинирани специфични потцели и индикатори кои доколку грубо се разгледаат, лесно е да се заклучи дека за постигнување на целите потребни се оние ресурси и услови кои најчесто се асоцираат и со урбаните и со руралните средини. Целта на ова истражување е да се разгледа феноменот на рурално-урбаните миграции преку призмата на неколку од целите за одржлив развој кои се најтесно поврзани со проблематиката, како и да се увиди улогата на руралните заедници и нивниот развој во постигнување на целите.

5 https://archive.espon.eu/sites/default/files/attachments/ESPON%20Policy%20Brief%20on%20Shrinking%20Rural%20Regions.pdf?utm_source=chatgpt.com


6 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ProstorniEdinici/125_PrEdn_reg_09_BrOpstiniNM_ml.px/

7 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__VnatresniMigracii/775_N_Migr_reg_meguselovnat_ml.px/

2. Влијание на рурално-урбаните миграции на целите за одржлив развој

Урбаните области се примарни двигатели на економската активност во Европа. Според Европската комисија, заклучно со 2016 година, урбаните региони учествувале со приближно 85% од БДП-то на Европа. Во Македонија само во Скопскиот регион се создава речиси половина од бруто домашниот производ на државата (45,8% во 2023[8]). Иако важи за најбогат регион кој што е најзаслужен за економскиот прогрес на државата, тоа не значи дека регионот може да се пофали и како пионер во квалитетот на живот во поглед на социјалните и еколошки аспекти.

На светско ниво, Македонија котира на 51-вото место од вкупно 166 земји во однос на прогресот кон постигнување на целите за одржлив развој[9], но во споредба со другите земји од континентот на кој што се наоѓа, Македонија е на претпоследното 33-то место од вкупно 34 рангирани држави[10], со исклучок на 7 земји кои не се рангирани поради недоволно податоци. Во споредба со соседните Балкански земји кои сè уште не се членки на ЕУ, според светскиот ранг позади Македонија е само Црна Гора, како што може да се види на сликата подолу.



Rank	Country	Score	Performance by SDG
1	Finland	86.35	
35	Serbia	77.03	
42	Albania	75.03	
50	Bosnia and Herzegovina	73.99	
51	North Macedonia	73.80	
57	Montenegro	73.05	

Слика 1. Ранг на Македонија на светско ниво според статусот на прогрес кон седумнаесетте цели за одржлив р азвој во споредба со другите Балкански земји и највисоко рангираната земја

Во интерес на опсегот на истражувањето, беа одбрани и во прилог се разгледани четири од седумнаесетте цели за одржлив развој кои се земаа како најрелевантни во однос на рурално-урбаните миграции во Македонија. Тоа се ЦОР 2 (Нула глад), 3 (Здравје и благосостојба), 11 (Одржливи градови и заедници) и 15 (Живот на копно).

Трендот за напредокот на Македонија за две од овие четири цели на одржлив развој (ЦОР 2 и ЦОР 11) е оценет како негативен, напредокот на ЦОР 15 е стагнирачки, додека за ЦОР 3 истиот умерено се подобрува. Во однос на предизвиците кои моментално постојат за постигнување на целите, за Животот на копно и Одржливите градови и заедници истите се сериозни, додека Здравје и благосостојба и Нула глад се со подобар статус, но сепак со значителни предизвици[11]. Моменталната состојба и трендовите за овие и останатите Цели за одржлив развој може да се видат подолу.

8 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__BDP__BDPInvesGodisni__GodisniBDPsporedESS2010/675_NacSmA_Reg_BDPreg_ml.px/

9 https://dashboards.sdgindex.org/profiles/north-macedonia

10 https://eu-dashboards.sdgindex.org/rankings

11 https://eu-dashboards.sdgindex.org/profiles/north-macedonia



Слика 2. Моменталната состојба на Македонија во однос на статусот на индикаторите за седумнаесетте цели за одржлив развој на европско ниво, и трендот на прогрес кон постигнување на целите

2.1 Цел за одржлив развој број 2 - Нула глад

Целта за одржлив развој број 2 се стреми кон стивање крај на гладот, постигнување сигурност во снабдувањето со храна, подобрување на исхраната и промовирање на одржливо земјоделство. Руралните заедници се оние кои директно придонесуваат во производството на храна, и од кои урбаните средини зависат за оваа основна потреба. Како еден од резултатите на неуспехот населението да се привлече да остане во руралните средини, Македонија во последниве години има изгубено голем број на земјоделци и со тоа ја има зголемено зависноста од увоз на храна, покрај други причини како на пример немање на стратегија за откуп од локалните производители. Од 2005 до 2024 увозот на храна се зголемил за 56%, а за увезената храна во 2024 се потрошиле повеќе од 1 милион евра, што е скок од 286% за разлика од 2005[12]. Овие податоци директно влијаат на цените на прехранбените производи и одат сосема контра на една од главните цели на ЦОР 2 за безбедноста на снабдување со храна, што ја прави државата ранлива во овој поглед, особено во случаи на кризи.

Во склоп на ЦОР 2 како и за другите цели, дефинирани се т.н. потцели со кои се опфаќаат различни аспекти од поголемата цел:

Површините со органско земјоделско производство како % од вкупните користени земјоделски површини, се зголемиле од 0,02% во 2005 од кога се мери овој податок на 0,48% во 2023, што е многу мал напредок ако се погледне големата слика[13]. Според Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027, поддршката за органското производство е за 30-100% повисока од субвенциите за конвенционалното производство во зависност од типот на култура. За градинарското производство се даваат и до 100% субвенции за премин кон поодржливи практики. Производителите добиваат и покривање на половината од трошоците за сертификација на органското производство и на 70% од трошоците за извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и др. материии на почва и во органски производи[14]. Податоците за овој индикатор од 2024-2027 треба да покажат дали

12 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__NadvoresnaTrgovija__DetalniPod__DetKumSMTK/150_SMTK_ZEMJI_ml.px/

13 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__OdrzlivRazvoj__CeliNaOdrzlivRazvojCOR2030/150_OdrzRaz_Mk_SDG_02_Nohunger_ml.px/

14 https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B8-%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0-%B2%D0%BE%D1%98-2021-2027.pdf

финансиската помош за преминот кон одржливи земјоделски практики предвидена во Националната стратегија е доволна за да вроди со плод.

Друга од потцелите на ЦОР 2 е земјоделската продуктивност која според Агендата за одржлив развој е предвидено до 2030 да се дуплира со што и двојно би се зголемиле примањата на малите земјоделци. Ситуацијата по ова прашање во Македонија е поразителна со просечната возраст на македонскиот земјоделец од 56 години и фактот дека мерењата на терен за тоа колку време му е потребно на еден работник за да изведе една операција, покажале дека работниците не се 56 години, туку 70+ години. Во 2021, уделот на млади фармери на регистрирани земјоделски стопанства до 40 годишна возраст изнесувал околу 14%. Дека земјоделството не е атрактивна професија во која младите ја гледаат својата иднина покажува и фактот дека во последните години се запишуваат по околу 50 студенти на Земјоделскиот факултет при УКИМ, за разлика од порано кога имало и по 500 студенти во генерација[15].

Развојот на руралните средини и нивно населување со млади луѓе е особено клучен за постигнување на оваа цел. Младите се важни не само како нова работна сила која физички би се занимавала со производство на храна, туку и како луѓе со капацитет да применуваат иновативни практики во овој сектор кои се сè попотребни за адаптација кон климатските промени. Организацијата за храна и земјоделство на ООН (ФАО), како и Европската Унија, ја имаат препознаено важноста на младите луѓе во усвојување на нови практики и преземање на ризици, и затоа преку разни програми стават фокус токму на задржување на младите во руралните средини[16] [17].

2.2 Цел за одржлив развој број 3 - Здравје и благосостојба

Животниот век на Македонците се има зголемено од 73 на 75.3 години во просек од 2000та до 2022 година, а во позитивна насока се движат и други потцели кои се поставени во склоп на оваа цел. Сепак останува предизвик постигнувањето на неколку потцели на кои што миграциите во урбаните средини може да влијаат негативно. Аерозагадувањето кое е долгогодишен проблем во главниот град и во другите поголеми македонски градови предизвикува предвремена смрт, особено кај новороденчиња и мали деца кои се најизложени на ризик од лошо здравје поради загадениот воздух. Иако вкупното население се намалува, смртните случаи поради ПМ2,5 честичките во 2021 биле практично исти во споредба со 2010, а очекуваната должина на животот при раѓање исто така се зголемила па се намалила. Руралните средини, а особено селата и планините, остануваат битен фактор во справување со аерозагадувањето како алтернатива каде дел од жителите решаваат да се преселат во потрага по почист воздух, или пак места каде може да појдат барем на викенд за да подишат чист воздух во најзагадените периоди.

Во табелата подолу се прикажани статистички податоци за неколку од индикаторите за ЦОР 3[18].

15 https://www.radiomof.mk/prognozite-za-domashna-i-zdrava-hrana-se-strashni-predupreduvaat-mladite-vo-zemjodelieto/

16 https://agriculture.ec.europa.eu/overview-vision-agriculture-food/young-people-agriculture-and-rural-areas_en

17 https://www.fao.org/newsroom/story/Rural-youth-protecting-the-climate-through-innovation/en?utm_source=chatgpt.com

18 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__OdrzlivRazvoj__CeliNaOdrzlivRazvojCOR2030/175_OdrzRaz_Mk_SDG_03_Goodhealth_ml.px/

Година	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Предвремена смрт како последица од изложеност на честички (ПМ2,5), број на случувања	5312	4968	5670	5267	4886	4438	4854	6047	6171	5121	3277	3757	4979	Нема	Нема
Лица загинати во сообраќајни несреќи, број на 100 000 жители, вкупно	8,2	8,3	8,9	6,8	10,3	6,8	7,7	8,7	8,2	7,0	7,0	6,7	6,3	6,8	6,9
Очекувана должина на животот при раѓање, години, вкупно	74,6	74,8	75,0	75,1	75,2	75,4	75,3	75,5	75,9	76,3	75,4	75,4	74,2	75,3	Нема

Табела 1. Статистички податоци за три од индикаторите на ЦОР 3 во периодот од 2009 до 2023 год.

Иако потцелите за ЦОР 3 главно се фокусирани на физичкото здравје, во контекст на миграциите од рурални во урбани средини несоодветно би било да не се спомне и менталното здравје. Потцелта бр. 3.4 меѓудругото цели кон подобрување на душевното здравје и благосостојба. Според истражување на Светскиот економски форум, во 2022 год. 36% од испитаниците на глобално ниво го оцениле менталното здравје како примарен здравствен проблем, рангирајќи го повисоко од ракот за прв пат во овие годишни извештаи[19]. Покрај бројните причини како сиромаштијата кои може да влијаат на човековата ментална состојба, најдена е корелација помеѓу миграциите во урбани средини и зголемувањето на современите ментални нарушувања. Загадувањето на воздухот, бучавата, специфичните урбани дизајни (на пр. прекумерна урбанизација, особено со високи згради), и општо повеќе физички закани (на пр. несреќи, насилство), се само дел од предизвикувачките фактори, најчесто присутни во урбаните средини. Ризикот за некои големи ментални болести како на пример, анксиозност, психотични и други нарушувања како оние на расположението е генерално поголем во градовите, а исто така истражувањата покажале дека за развој на некои болести ризикот е поголем доколку одреден поединец ги поминал првите 15 години од својот живот во урбана наместо рурална средина[20]. Македонија како земја би требало да посвети повеќе внимание и ресурси на истражувања за душевната состојба на населението и да ги мери и нарушувањата на модерното време како анскиозноста и депресијата, спротивно на само оние потешките кои доведуваат до хоспитализација како што е правено во досегашните извештаи[21].

2.3 Цел за одржлив развој број 11 - Одржливи градови и заедници

Целта за одржлив развој број 11 се стреми да обезбеди отпорни, безбедни и одржливи градови и заедници. Освен главниот фокус кој е ставен на градовите, оваа цел ја нагласува и потребата за одржливи врски помеѓу урбаните и руралните средини. Истата ги опфаќа не само урбаните заедници туку и приградските и руралните кои

19 https://www.weforum.org/stories/2022/11/global-healthcare-mental-health-survey/?utm_source=chatgpt.com

20 https://pmc.ncbi.nlm.nih.gov/articles/PMC5374256/?utm_source=chatgpt.com

21 https://iph.mk/Upload/Documents/Informacija-mentalno-zdravje.pdf

зависат од градовите за работа, производи и услуги кои не се достапни во помалите и понеразвиени места. Зајакнувањето на руралните заедници го намалува притисокот врз урбаните центри и обезбедува рамномерен развој. Помеѓу 2016 и 2020, 869 милиони евра биле потрошени во Македонија за делување кон постигнување на оваа цел, или најмногу во споредба со сите останати цели за одржлив развој[22]. И покрај големите финансиски вложувања, оваа цел бележи негативен тренд и постојат сериозни предизвици за нејзино постигнување.

Со потцелта 11.2 се цели кон обезбедување на пристап до безбедни, пристапни, достапни и одржливи транспортни системи за сите и подобрување на безбедноста на патиштата особено преку проширување на јавниот превоз. Анализирајќи ги статистиките прикажани во Табела 2, може да видиме дека јавниот превоз се повеќе и повеќе се заменува со приватниот превоз со сопствени и такси автомобили. Во самата Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 е констатирано дека квалитетот на физичката и социјалната инфраструктура во руралните области е влошен во текот на изминатите декади како резултат на недоволното инвестирање во развојот и одржувањето. Исто така, една од причините за ограниченият развој на индустријата во сите региони е токму квалитетот на патната и деловната инфраструктура.

	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Патнички автомобили и такси превоз (%)	74,3	72,6	74,0	77,0	79,3	80,4	82,3	93,4	94,3	91,0	92,3
Градски и приградски превоз (%)	7,3	13,6	10,9	11,8	10,8	10,9	8,3	3,0	1,5	2,9	1,5
Меѓуградски и меѓународен превоз (%)	17,4	13,0	13,2	10,3	9,4	8,2	8,9	3,4	4,0	5,7	6,0
Железнички патнички транспорт (%)	1,0	0,8	1,9	0,9	0,5	0,5	0,5	0,2	0,2	0,4	0,2

Табела 2. Побарувачка на патнички превоз во Македонија[23]

Универзалниот пристап до безбедни, инклузивни и достапни зелени и јавни површини, особено за жените и децата, за постарите лица и за лицата со попреченост, кон кој се стреми со потцелта 11.7, е исто така далеку од реалност на главниот град Скопје. Во 2018 зеленилото по жител било помалку од 10 метри квадратни наспрема предвидените 25, колку што е потребно за здраво и хумано живеење. И оваа потцел многу полесно би се постигнала доколку има повеќе жители во руралните подрачја каде што урбанизацијата е многу помала и има поголем пристап до зеленило.

Концентрацијата на секаков тип на активности во главниот град ја зголемува заинтересираноста за живот во него, а со тоа се става вистински или привиден притисок за зголемување на капацитетите за домување, додека бројни живеалишта остануваат празни во руралните средини. Скоро половина од новите станови во

22 https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/1578Rapid_Integrated_Assesment_North_Macedonia.pdf?utm_source=chatgpt.com

23 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Transport__IndikatoriZaTransport/125_Trans_pass_ucestvo_ml.px/

последниве десетина години биле изградени во Скопскиот регион[24]. Негативните влијанија врз животната средина по глава на жител (квалитетот на воздухот и создадениот комунален отпад) се исто така поголеми во градовите бидејќи има бројни студии кои покажуваат дека во градовите се конзумира повеќе, при што миграциите го отежнуваат постигнувањето и на потцелта 11.6 за намалување на негативните еколошки влијанија на градовите.

2.4 Цел за одржлив развој број 15 - Живот на копно

Оваа цел се фокусира на заштита, обновување и одржливо користење на копнените екосистеми како што се почвата и шумите, одржливо управување со шумите, борба против дезертификацијата и запирање на загубата на биодиверзитетот.

За управување со природните ресурси потребно е население кое ќе биде блиску до тие ресурси со кои треба да се управува. Ова е установено во неколку истражувања на ФАО и други меѓународни организации, кои заклучиле дека партиципативната комуникација и вклучувањето на локалните заедници кои се физички присутни во близина на тие ресурси се клучни за успешно управување со нив. Оваа близина овозможува подобро разбирање, континуирано следење и навремено реагирање на промените во животната средина[25].

Од една страна, напуштањето на руралните средини може да има непредвидени позитивни резултати врз некои од природните ресурси како на пример почвата, која доколку се користела како земјоделско земјиште кое се третирало со пестициди, би можело да дојде до регенерација на напуштената површина доколку се остави доволно време екосистемот да се возобнови со текот на времето.

Од друга страна, шумите како битен природен ресурс потребно е да се чуваат и плански да се одржуваат, за што е потребна работна сила. Податоците од МАКСтат базата на Државниот завод за статистика, покажуваат дека бројот на шумарските работници се намалил од 3006 на 1555 од 2000та до 2023 година, несразмерно со површината покриена со шуми како % од вкупната површина на земјиштето, која се намалила само за 1,6% (од 40,8 на 39,2%)[26]. Во учебната 2018/2019 се запишале 18 студенти на Шумарскиот факултет, дел од УКИМ, а во 2024/2025 само 14, што покажува дека како и за земјоделството, така и за овој тип на професија директно поврзана со управување со природните ресурси интересот е многу мал и се уште опаѓа.

Намалениот број на сите видови на добиток, освен на козите и сточарството како гранка која е во постојан пад, во верижна реакција исто така влијаат кон зголемување на необработените површини, што е пак поврзано со неколку од потцелите на ЦОР 15. Добитокот, на страна од главната причина за која се одгледува, придонесува и за менаџирање на необработливите површини кој доколку одгледуван на отворени пасишта ги јаде суви треви, грмушки и друга вегетација што инаку би претставувала гориво за пожари. Ова претставува природен и одржлив начин за управување со земјиштето, а добитокот исто така помага и во контролата на инвазивни растенија и

24 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Gradeznistvo__PodatociZaStanovi/275_GradRegZavrsStan_ml.px/

25 https://www.ifad.org/en/w/publications/how-to-do-strengthen-community-based-natural-resource-management-organizations

26 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__OdrzlivRazvoj__CeliNaOdrzlivRazvojCOR2030/450_OdrzRaz_Mk_SDG_15_Land_ml.px/

создавањето на природни противпожарни бариери - подрачја со помалку вегетација каде што пожарите потешко се шират.

За пожарите како актуелна тема и предизвик со кој Македонија се соочува во последниве години, битно е да се спомене улогата на локалното население во справување со пожарите кои се се почести. Тоа е најчесто првите лица кои реагираат на настанатите пожари додека интервенираат противпожарните служби, особено на непристапните места како планинските предели и села. Имено, во 2021 год. после уште едно лето со пожари, граѓаните на општина Кочани се самоорганизираа и основаа доброволно противпожарно друштво. Општината Кочани која според законскиот минимум за општина Кочани треба да има 32 пожарникари, располага со половина, односно 16. Во моментов во Македонија има 12 тина доброволни противпожарни друштва[27].

3. Преглед на закони и политики во прилог на ублажување на рурално-урбаните миграции

3.1 Закон за рамномерен регионален развој

Во 2007 за прв пат е воведен Законот за рамномерен регионален развој со кој се уредуваат целите, начелата и носителите на политиката за поттикнување на полицентричен систем на развој на сите осум плански региони, заедно со планирањето, финансирањето и распределбата на средства за негово поттикнување, како и следењето и оценувањето на спроведувањето на планските документи и проекти. За поттикнување на истиот, од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП.

Истражување од 2020 кое ја разгледува успешноста на овој закон, покажало дека и покрај планските документи за регионален развој што ги носи владата, сè уште не е постигнат позначителен рамномерен регионален развој поради недостатоци во законската регулатива и недоволното присуство на политичка волја и активно водство [1]. Во истото истражување се предлага полицентричен регионален тип на развој кој е модел за намалување на регионалните диспаритети присутен во Европа и кој се базира на теоријата дека е подобро да се има повеќе економски центри што ќе генерираат развој, отколку еден или два, како што е случајот со Македонија и Скопје.

Како добар пример на земја со сличен контекст на македонскиот која отишла еден чекор понапред во поглед на овој закон е соседна Србија, каде во 2020 година беше основано Министерството за благосостојба на руралните средини чиј фокус е подобрување на условите за живеење и работа надвор од градовите. Некои од иницијативите на министерството вклучуваат пренос на необработено државно земјиште на млади земјоделци и доделување на празни рурални куќи на нови жители. Во 2024 Србија одвоила 8,1 милиони евра за мерката доделување по 10,000 на млади парови за купување на живеалишта во руралните средини[28]. Кај нас исто така од пред десетина години се доделуваат по 10,000 евра на млади земјоделци до 40 години

27 https://plusinfo.mk/shto-nauchivme-od-pozharite-vo-minatoto-protivpozharnite-kapaciteti-se-za-aknuvaat-lokalno/

28 https://www.agroberichtenbuitenland.nl/actueel/nieuws/2024/10/18/serbia-groceries?utm_source=chatgpt.com

за започнување со земјоделска дејност. Еден податок со кој Македонија може да се пофали како лидер во регионот е степенот на искористени средства од ИПАРД фондовите на ЕУ, кои се програми за финансиска поддршка на земјите кандидати и потенцијални кандидати со цел подобрување на земјоделската продуктивност, одржливоста и руралниот развој[29]. Од 2011 до 2021 најголем дел од средствата од овие фондови се повлечени за регионален развој, и тоа во износ од 333,7 милиони евра, а 16 милиони евра се искористени како помош за земјоделскиот сектор[30]. И покрај можностите за финансиска помош, статистиките за иселеното население и се поголемата старосна група на земјоделците покажуваат дека на младите им фали нешто друго освен финансиски средства за да останат и да решат да се остварат во руралните средини.

3.2 Младите во руралните средини

Согласно со член 6 од законот се носи и Национална стратегија за земјоделство и рурален развој кој е главниот долгорочен стратешки документ на кој се базира поставувањето и спроведувањето на целите, политиките и мерките за развој на земјоделството и руралните средини во Македонија, а моментално тече стратегијата за периодот од 2021 до 2027 година. Во документот на неколку наврати се спомнати младите како движечка сила за развојот на руралните средини на која што треба да се стави посебен фокус за нејзино задржување.

Во 2020 беше донесен и Законот за младинско учество и младински политики кој треба да реши дел од проблемите со кои се соочуваат младите во руралните средини со вклучување на секоја општина во процесот преку формирање на локални младински совети, отворање на канцеларија за млади и младински центри и вработување на младински службеници. Истражување спроведено во април 2023 покажало дека во тој момент, три години после усвојување на Законот, истиот бил спроведен околу 10% и продолжување со истото темпо би значело дека за негова целосна имплементација ќе се потребни уште 10-15 години[31].

4. Заклучоци и препораки

Рурално-урбаните миграции се проблем со кој се соочува не само Македонија, туку и целиот свет. Ваквиот тренд на движење на населението има комплексни влијанија врз остварување на Агендата за одржлив развој 2030 усвоена од земјите членки на Обединетите нации во кои спаѓа и Македонија. За спречување на моменталниот тренд, Македонија најпрво треба сериозно да работи на задржување на своето население во државата, а напоредно со тоа и на политики кои би ги направиле руралните средини не само поатрактивни, туку и попросперитетни.

Интересот за живот надвор од главниот град постои кај младите луѓе, а тоа се покажа и со една неодамнешна иницијатива на двајца млади кои за помалку од две

29 https://mia.mk/story/%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B5-%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D1%80-%D0%B2%D0%BE-%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B2%D0%BE-%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B8%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B4 d_ml.px/

30 https://pina.mk/7856-od-podobra-iskoristenost-na-eu-fondovite-dobivaat-graganite/

31 https://www.radiomof.mk/tri-godini-zakon-za-mladi-funkcionira-ama-ne-funkcionira/

недели успеаја да соберат група од околу 600 граѓани заинтересирани да оформат еколошка заедница во некое од селата близу Скопје[32]. Со оглед на се поголемиот број на работни места кои може да се обавуваат на далечина и постоењето на бројни субвенции за отпочнување со земјоделска дејност кои не ја спречуваат миграцијата и покрај нивното искористување, изгледа дека економските побуди веќе не се ни најглавната причина за миграција.

Затоа треба да се посвети внимание и работи на другите аспекти од проблемот како што се лошата инфраструктура и поврзаност со урбаните средини, можности за подинамичен живот, особено за младите, како и диверзификација на економските активности во руралните средини кои не мора неопходно да се поврзани со земјоделството.

Претходната година се усвои и Националната стратегија развојна стратегија 2024 2044 год., со која се дефинираат главните национални развојни цели, стратешки области и приоритети за забрзан, инклузивен, рамномерен, родовоеднаков и одржлив развој на Република Северна Македонија. Двете од шесте стратешки области кои се избрани како клучни за исполнување на целите на стратегијата и кои се тесно поврзани со темата на истражувањето се:

1. *Одржлив локален и регионален развој што обезбедува кохезија и*
2. *Демографска ревитализација и социјален и културен развој*

Со овие две и другите четири цели, предвидено е во наредните 20 години да се подобри ситуацијата кон постигнување на целите за одржлив развој, а меѓу другото и да се обезбеди порамномерен развој. Во стратегијата е спомнато дека мултицентричниот модел на регионален развој во Словенија, кој обезбедува споредлив квалитет на живот во различните региони, како и меѓу урбаните и руралните области, може да послужи како инспирација и пример за Македонија.

Финално, за градење генерации кои ќе се грижат за животната средина потребно е што повеќе луѓе да поминуваат време во природа и да се поблиску на неа, а тоа е само едно од нештата што човештвото го губи со емиграцијата од руралните средини.

Кратка биографија на авторот

Катерина Илијовска е инженер по едукација, екоактивистка, а професионално работи на активности и проекти за еколошка едукација, за справување и намалување на отпадот и промовирање секојдневни одржливи практики. Таа е коосновач на Здружението Yes for Less, а неодамна се врати да живее во Македонија по 7,5 години во странство, за локално да придонесе кон унапредување на состојбата со животната средина.

32 https://www.radiomof.mk/zagrizheni-za-zagaduvanjeto-i-narusheniot-imunitet-dvajca-gragjani-potegnaa-inicijativa-za-formiranje-eko-zaednica-na-15-20-kilometri-od-skopje/

Институт за комуникациски студии

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската влада.